# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветтото продолжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 февруари 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 50-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Кенан Хасипи, Ванчо Георгиев, Стојан Андов, Али ахмети, Љупчо Георгиевски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ѓорѓи Трендафилов и Трифун Костовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со 22 точка - Предлог за донесување на закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Збор има министерот за локална самоуправа, господинот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван председателе на Собранието, почитувани пратеници,

Денес пред вас е Предлог за донесување законт за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Свесен сум дека е ова политичко чувствително прашање со кое се уредува еден многу важен сегмент, во функција на процесот на децентрализација на државата.

Територијалната организација, или утврдување на границите на општините, е тежок и технички комплексен процес. И кога и каде да се предлагаат промени на територијалните граници, вообичаено тие не се добродојдени за локалното население.

Реформата на локалната самоуправа на Република Македонија има клучна улога за развојот на иднината на државата, а во исто време директно влијание врз животот на граѓаните.

Територијалната организација има за цел да обезбеди амбиент на зближување на сите граѓани во остварување на нивните интереси и права во единиците на локалната самоуправа: да создаде општини во кои ќе се врати довербата и соживотот меѓу граѓаните; да направи општини што оптимално ќе одговараат на потребите и на традициите на граѓаните и ќе создадат услови за остварување на нивните демократски права; да создаде општини  кои ќе обезбедат подобар живот, поквалитетни услуги за сите граѓани, без разлика на нивната етничка припадност.

Почитувани пратеници,

Потребата од преиспитување на територијалната организација беше утврдена во стратегијата за реформа на системот на локална самоуправа, донесен во октомври 1999 година.

Стратегијата ја предвиде законската рамка за идната локална самоуправа што ја сочинуваат: Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за територијална организација на локалната самоуправа и Законот за градот Скопје.

Во јануари 2002 година, со консензус Собранието го донесе Законот за локална самоуправа, но за да продолжи реформата, неопходно е да се заокружи законската рамка на локалната самоуправа.

Приоритетно прашање во оваа смисла е донесување на Законот за територијална организација, со кој се уредува еден многу важен сегмент, од битно значење за успешно спроведување на процесот на децентрализација на власта. Ова произлегува од потребата да се усогласи територијалната организација со обемот на надлежностите што, согласно Законот  за локална самоуправа, треба да се пренесат од централно на локално ниво.

Станува збор за новите основни функции на општината кои таа треба да ги извршува и тоа: планирање и водење на локалниот економски развој; урбанистичко планирање и уредување на просторот; организирање, уредување и управување со комуналната инфраструктура; основање, финансирање и администрирање со основните и средните училишта, во соработка со централната власт; управување со мрежата на здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита; финансирање, инвестиции и одржување на објекти од сферата на социјалната заштита; остварување на социјалната грижа, ако и воспитување на децата од предучилишна возраст; развојот на културата и негување на културните вредности; заштита на животната средина и природата; развој на спортот и рекреацијата.

Овој обем на надлежности наметнува потреба од реално преиспитување на капацитетите на општините, пред се, на можностите, општината да обезбеди доволно приходи за нивно остварување и стручна администрација за вршење на работите.

Особено е значајно да се земат предвид и можностите односно перспективите за развој на општината, врз основа на сопствените капацитети.

Почитувани пратеници,

Се ова укажува дека територијалната организација на локалната самоуправа е исклучително комплексно прашање, при чие дефинирање треба да се имаат предвид многу аспекти. Но, според реакциите што ги предизвика во јавноста, уште пред да дојде на дневен ред на Собраниската седница, јасно е дека станува збор и за политички чувствително прашање. Сепак, не смееме да дозволиме политиката да не оддалечи од вистинската цел, а тоа е да создадеме реални, одржливи, ефикасни општини што ќе можат да одговорат на потребите на граѓанте.

Територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија е објективна потреба. Таа е дел од реформскиот процес започнат уште од претходната Влада, што како обврска од стратегијата за реформи на системот на локална самоуправа, беше пренесена и во Рамковниот договор зад кој застанаа релевантните политички субјекти. Оттаму, обврска на Владата и на Парламентот е да го изведат овој реформски зафат што ќе значи и приближување на Република Македонија кон Европската унија.

Почитувани пратеници,

Во изработка на текстот на Предлогот за донесување на закон за територијалната организација на локалната самоуправа, голем придонес дадоа домашните експерти, ЗЕЛС, како и експертите од оваа област, во Советот на Европа, Европската унија и САД. Исто така, беа користени искуства на земјите со развиена локална самоуправа и принципите на Европската повелба за локална самоуправа.

При изработка на Предлогот за донесување на закон за територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија, се тргна од следните критериуми:

- демографската големина на општината и општинскиот центар, што е предуслов за постоење на административни и финансиски ресурси;

- економската одржливост на општината, што подразбира доволен број на стопански субјекти кои би генерирале доволно средства за успешен материјален и социјален развој;

- постоење на објекти од општествен стандард, за вршење на функциите на општината;

- инфраструктурната опременост на општинскиот центар, природните, географските и другите особености.

Исто така беа земени предвид и определени историски, културни и еколошки карактеристики на населените места, остварениот развој на урбаната и месната самоуправа и претходно достигнатиот степен на развој на комуналниот систем.

Во рамките на така определените критериуми и принципи, во новата територијална организација на локалната самоуправа, главно, се предлага спојување на повеќе постојни општини во една целина, заради сразмерно на нивните големини и капацитети со функциите утврдени во член 22 од Законот за локалната самоуправа.

Владата на Република Македонија во оваа фаза предлага локалната самоуправа во Република Македонија да биде територијално организирана од 62 општини и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа.

Просечната големина на овие општини со 28 жители од кои 33 општини се урбани со седиште во град и 29 општини се рурални со седиште во село.

Врз основа на наведените критериуми е оценето дека сите урбани општини 33 ги исполнуваат условите за самостојно функционирање односно за успешно преземање на надлежностите утврдени со членот 22 од Законот за локална

самоуправа. Притоа, треба да се напомене дека овие урбани општини опфаќаат и помали рурални општини, чиј капацитет не е во состојба да ги исполнува надлежностите. Мал број од руралните општини, поради стопанскиот раст и демографскиот развој ги задржаа сегашните граници. Од останатите општини едни ги исполнуваат демографските критериуми, други економските, а трети просторните. Од тие причини е направено групирање на оние рурални општини, кои според демографската маса, економскиот ресурс здружени може и понатаму да се развиваат како рурални средини.

Тргнувајќи од определбата да се зачуваат и руралните средини, за да се помогне развојот на земјоделието, направено е и отстапување од основните критериуми се предложени извесен број на мали општини, кои располагаат само со земјишен ресурс. Целта е со соодветни дотации од државата да може да се формираат во земјоделски производни јадра. Дел од руралните општини, кои директно гравитираат кон градските населби се припоени на истите заради нивно подобро инфраструктурно поврзување и користење на објектите од општествениот стандард во градските јадра.

Извесен број на општини големи по територија, но со исклучително мала населеност, се директно припоени на поголемите градски општини. Ваквите сегашни општини немаат човечки, технички, ниту економски потенцијали за преземање на елементарните општински надлежности и единствено посилни економски центри можат да иницираат стопански развој и ревитализација на депопулираните простори.

Според новата територијална организација во однос на бројот на населението Република Македонија би имала пет општини до 5000 жители. 15 општини од 5 до 10 илјади жители, 18 општини од 10 до 20 илјади жители, 14 општини од 20 до 50 илјади жители, 9 општини од 50 до 100 илјади жители, една општина со над 100 илјади жители и градот Скопје со 470 илјади жители.

Согласно амандманите на Уставот на Република Македонија во дел од општините, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, во употреба ќе бидат и албанскиот, турскиот, ромскиот и српскиот јазик и нивните писма.

Почитувани пратеници, во делот на преодните и завршните одредби се опфатнеи сите прашања во врска со регулирањето на односите меѓу општините од член 9 на овој закон и постојните општини, чии подрачја го сочинуваат подрачјето на таа општина.

Како значајна би ја истакнал одредбата од членот 24, со која новите општини, чии подрачја го сочинуваат подрачјето на две или повеќе постојни е должна да обезбеди функционирање на постојната општинска администрација на општините што се припојуваат. Во рок од 60 дена новата општина треба да донесе акт со кој ќе ги утврди работите што ќе се вршат на подрачјето на поранешните општини. На овој начин граѓаните од подрачјата на општините што се припојуваат, ќе продолжат да ги остваруваат своите права во постојното место на живеење.

Почитувани пратеници, нормативното регулирање на децентрализацијата е сложен процес, но уште посложена и најважна е неговата имплементација и развивање на реална локална самоуправа. За таа цел во текот на оваа година Владата ќе биде фокусирана и на зајакнување на административните капацитети на општините. Редовните локални избори треба да се одржат во услови на нова територијална организација, со трансферирани надлежности и од 1 јануари 20005 година да ја оживееме уставната определба за локалната самоуправа. На граѓаните да им се понудат подобри, поквалитетни и поефтини јавни услуги, а тие самите да одлучуваат за прашањата од локален карактер и од животно значење.

Свесни сме дека ова е тежок и сложен процес, што во развиените демократски држави се реализира во подолг временски период и затоа одговорноста на сите нас е уште поголема.

Почитувани пратеници, идеален закон за територијална организација, не постои. Сите ваши сугестии, мислења изнесени на седниците на работните тела, како и на оваа седница, изјаснувањата на граѓаните преку референдуми и другите облици, консултациите со Заедницата на единиците на локалната самоуправа и другите заинтересирани субјекти, ќе бидат земени предвид при изработка на Предлогот на законот.

Би сакал да укажам дека со нормативното регулирање на територијалната организација на локалната самоуправа, на фискалната децентрализација и на трансферот на надлежностите, ние сме на почетокот на реформирање на локалната самоуправа по мерка и потреба на граѓаните на Република Македонија.

По донесувањето на овој пакет закони, одговорноста за успешна реализација на реформите ќе се пренесе на избраните претставници на граѓаните во локалните заедници, за кои како министер сум уверен дека имаат капацитет и волја да ги имплементираат реформите, а со тоа да го подобрат животот на граѓаните во сите сфери од локално значење, без разлика на нивната етничка припадност.

Уште еднаш ќе нагласам, целта е да создадеме општини, кои оптимално ќе одговараат на реалните потреби, традиции, демократски вредности и на интересите на граѓаните.

Господа пратеници, почитувајќи ја вашата одговорност како избрани претставници на граѓаните, а со цел да дојдеме до што подобро решение, би ве замолил да не дозволиме овој процес а се користи за дневно политички интереси, за заплашување на граѓаните со преселби или со федерализација на државата, а најмалку за придобивање на гласовите за претстојните избори.

Не смееме да дозволиме неопходната реформа на локалната самоуправа да произведе амбиент на меѓуетнички тензии, што би не вратиле назад.

За процесот на децентрализација постои политички консензус. Да направиме напори во интерес на сите граѓани, да најдеме вистинско решение и за територијалната организација на локалната самоуправа што ќе биде одраз на реалните потреби на граѓаните, во интерес на иднината на Република Македонија и на нашата заедничка цел, тоа е приближување на Македонија кон Европската заедница. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Господинот Коце Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Барам, претседателе, да се симне стенограмот, да може да се подели. Затоа, барам пауза од еден час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи, беше настапот пишан, јас би го замолил министерот да го даде материјалот да се ископира, а ќе ги извадиме и стенографските белешки, за да може да се подготвите.

Давам пауза од еден час.

(По пауза)

(Седницата продолжи со работа во 12,35 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

(Пратениците влегуваат во салата, а службите им ги делат стенографските белешки).

Стенографските белешки Ви се поделени.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам, господине претседателе,

Почитувани пратеници, почитуван министер,

Денеска имаме на дневен ред и тоа во прва фаза закон за децентрализација и територијална поделба. Би сакал да укажам на неколку работи  во врска со овој закон и да го кажам моето мислење за овој проект.

И покрај масовното организирање на референдуми од страна на општините, на кој тие речиси стопроцентно се спротивставија на предлогот на Владата за територијалната поделба, во однос на ваквиот развој на настаните во Републиката Владата барем засега нема коментари за неприфаќање на оваа реалност.  Со тоа всушност Владата на сите отворено ни кажа дека нема да ги почитува вољата на граѓаните, како и Повелбата за локална самоуправа која што ја има ратификувано и Република Македонија. Нашата земја е потписничка на Повелбата за локална самоуправа од 1997 година. Таа е ратификувана од страна на Парламентот, при што според Уставот на Република Македонија таа е дел од македонското законодавство.

Членот 5 од Повелбата гласи: “Границите на територијата на која се простира надлежноста на локалните власти не смеат да се менуваат пред претходни консултирања на локалните заедници, што се во прашање, а доколку е тоа можно, по пат на референдум, кога тоа е предвидено со статутите”. Со ова се воведува можност одредени општини да организираат референдум со прашањето дали сакаат да бидат укинати, припоени кон одредена општина и слично. Европската Повелба за локална самоуправа на Советот на Европа и насоките кои што таа го содржи се многу јасни. Исто така и последиците од непочитувањето на оваа повелба по Република Македонија се многу јасни. Со тоа се дискредитира земјата како сериозен меѓународен субјект, затоа што не почитува договори кои што самата ги потпишала, додека на внатрешен план Владата се јавува во улога на груб кршач на домашните

закони, затоа што според Уставот сите меѓународни договори кои се ратификувани од страна на Парламентот станувaат составен дел на македонското законодавство.

Иако референдумот е најдемократски облик на изјаснување на граѓаните, преку кој тие го искажуваат своето мислење за одреден законски проект, кој и всушност се подготвува, се одобрува и се спроведува за граѓаните, преку чија согласност му се дава легитимитет и перспектива за натамошно успешно функционирање на законот, Владата се однесува како сето ова да не го знае. Се однесува како да не ги познава доволно основните начела и постулати на демократијата. Таа упорно своите одлуки ги донесува во свој стил, во теснокабинетски кругови и далеку од јавноста. Наместо да биде иницијатор на развивање на широка јавна дебата од која што ќе произлезат и најдобрите можни решенија и идеи, главниот подготвувач на овој закон Гештаковски само вели дека резултатите од општинските референдуми се необврзувачки за Владата. Иронијата е очигледна. Иако според нашиот систем референдумот има консултатива, односно споредна улога, сепак референдумскиот бунт на кој масовно се одбива предлогот на Владата, значи дека нејзиниот предлод нема никаква подршка кај граѓаните. Очигледна е намерата и она што последно време е прифатено дека иницијативата за собирање на потписи за референдум веќе е во процедурата на Владата и мислам дека мошне продуктивно ќе беше да се исчека исходот вов рска со референдумот, да се види каков е исходот, а дури потоа да се пристапи кон овој законски проект. Мислам дека би требало тоа да се почитува, но сепак времето ќе покаже што е всушност точно, што не.

Исто така и Охридскиот договор предвидува општините да се определуваат заеднички од локалните и националните власти. Значи со своеглавото терање со познатиот стил, Владата излегува и надвор од рамките на Рамковниот договор. Од Владата зависи дали ќе избере да им се спротивстави на граѓаните, но со сигурност може да се констатира дека доколку тоа го стори ќе плати веќе на следните избори

Иако дебатата сега исклучиво се води за границите на идните општини, голем број на економски експерти тврдат дека економскиот контекст, односно способноста на идните општини да одговорат на економските предизвици е најбитна работа. Затоа за да се очекува што може да се случи на економски план мора да се разгледуваат две теми:

1. Кои се општите карактеристики на локалниот економски развој;
2. Кои се стапиците при дефинирањето на локалниот економски развој.

Посебно втората тема е доста битна при дефинирањето на нашата блиска иднина.

Најбитни општи карактеристики на локалниот економски развој претставуваат релативно големата оперативност на развојните стратегии, можноста на прагматичен начин да се изврши селекцијата на играчите и специфичната разделеност на чекорите и постапките. Односно кај политиката на локалниот економски развој, за разлика од економската политика на целокупната национална економија, активностите треба да бидат повеќе фокусирани и повеќе прагматични. Една студија изработена од ОЕЦД пак ги посочува следниве карактеристики на општата политика на локалниот економски развој:

Прво, ставање на акцент на поимот развој во широка смисла, како структура и квалитет, и на капацитетот за создавање нови економски активности, што е различно од чисто квантитативниот поим економски пораст;

Второ, базирање врз идејата дека постојат многу голем број на специфични процеси и патеки во различни локални средини, што претставува резултат на различноста во економските и историските услови на секој локален регион;

Трето, концетрирање на вниманието врз развојот како процесс, и врз одлуките, акциите и потенцијалните ресурси кои треба да бидат придвижени. Иницијативите треба да имаат јасно определена локална содржина која одговара на локалните проблеми и цели, и треба да бидат поттикнати и спроведени од локалните граѓани;

Четврто, стремеж кон изградба на развојниот процес со долгорочен хоризонт, преку потпирање врз економскиот и социјален динамизам, како и врз однесувањето на актерите во унапредувањето на локалниот капацитет за преземање на иницијатива како одговор на случувањата;

Петто, вклучување на мноштво локални актери, кои ги определуваат, развиваат и спроведуваат тие шеми или стратегии. Тоа се луѓе или институции кои често биле игнорирани со политиките во минатото.

Во таа смисла постојат многубројни приватни, јавни и општествени актери кои се вклучени во политиката на локалниот економски развој. Под приватни актери се подразбираат работодавците или бизнисмените, под јавни актери се опфатени локалните авторитети на власта, додека поимот општествени актери ги клучува доброволните организации, синдикатите, локалните трговски и други видови на комори, разните облици на кооперација, развојните агенции, универзитетите итн. Конкретната комбинација и нивното релативно значење и внимание ќе се

разликуваат од општина до општина, меѓутоа вклученоста на една мрежа локални актери или граѓани, организации или агенции претставува клучен дефинирачки елемент на процесот на локалниот економски развој. Овој развоен пристап е поврзан и со идеите и поимите на самопомош, лидерство, партиципација, кооперација.

Тоа е за првото гледање на работите . Но, во постојната практика на локалниот економски развој се откриваат и оние аспекти кои често претставуваат стапици во самиот пристап кон оваа активност. Во случајот на Македонија можеби се побитни токму тие стапици да бидат акцентирани во прв ред, бидејќи ако се суди според досегашното искуство, тие ќе претставуваат особено карактеристична појава и во иднина. Таквите неподобни аспекти се:

Прво, дозволување на премногу изразена зависност од, и влијание на политиката. При тоа, се мисли како на политиката на локално ниво, така и на централната влада. Треба да знаеме дека системската децентрализација во економска смисла значи пристап оддолу - нагоре, а не одгоре - надолу. Двете нешта се сосема различни;

Второ, често почнување од погрешниот крај на проблемите. Тоа би значело, на пример, почнување со спроведување на активности за создавање нови работни места, без соодветно согледување ниту на вистинските причини за недоволниот број на работно места ниту на реалните начини на нивни создавање;

Трето, исклучиво или пренагласено следење на модерните трендови, на пример, почнување со градење на модерни индустрии во окружение без изградени соодветни атрибути за тие дејности. Но, истото се однесува и на спротивниот случај кога постои исклучиви потпирање врз традиционални, а често и релативно стопански дејности и индустрии;

Четврто, преценувањето на развојниот капацитет или способностите, преку неправилно или непостојно долгорочно согледување на потенцијалите, ресурсите, компетенциите и други аспекти на еден локален регион;

Пето, дозволување средствата и инструментите да ја определат стратегијата. Ниедна стратегија на локален економски развој не треба да се сведува на тоа што знаеме како да го правиме, ниту на тоа за што мислиме дека имаме пари.

Уште ден битен момент кој секоја стратегија на локален економски развој секогаш треба да го има предвид е и интернационализацијата на деловниот и

вкупниот хоризонт на посебниот локален регион. Многу чест е случајот локалниот развој да се набљудува само како поднационален контекст и феномен, а се очекува интернационализацијата да биде спроведувана само на национално ниво. Тоа не е исправно бидејќи секој локален регион претставува единица и во меѓународен контекст.

Конечно, треба да знаеме дека во иднина ќе се случи одделни идни општини релативно брзо да достигната ниво да бидат реално економски и неформално интегрирани во Европската Унија, а одделни ќе бидат повеќекратно под македонскиот економски просек. Но, и тоа е нормален процес, кој е добро да го знаеме однапред

- Децентрализацијата е еден од основните предуслови за демократизација на нашето општество, а основен предуслов за нејзината успешност е фискалната децентрализација. Бројот на општините е во тесна врска со начинот на нивното финансирање. Па така најчестите изговори за огромното намалување на општините се немањетро на капацитети да се преземат новите надлежности и финансиската немоќ на помалите општини. Меѓутоа ако се направи една длабинска и објективна анализа ќе се констатира дека само дел од новите надлежности нема да бидат во можност да ги преземат сите општини. Тоа се средното образование и социјалната заштита. Затоа пак е предвидена можноста за меѓуопштинска соработка. Се поставува прашањето која од сегашните 123 општини нема облик на основно образование, култура, спорт, урбанистичко планирање, примарна здравствена заштита, и се разбира лепезата на комунални дејности. Речиси и да нема таква општина. Правејќи компаративна анализа помеѓу новите надлежности и финансирањето на општините, предвидени со предлог законот, се доаѓа до констатација дека најскапите и најсложени надлежности, (социјална заштита, основно и средно образование, примарна здравствена заштита, култура и противпожарна заштита) ќе се финансираат преку блок - дотации - со трансфер на пари од централниот буџет на општинските буџети и потоа на надлежните установи. Во предложениот закон е изоставен еден многу битен извор на нивно финансирање, а особено на малите општини. Тоа се концесиите за користење на природните богатства. За државниот буџет тие не се голема приходна ставка, но во општинскиот буџет тоа сигурно се и ќе бидат. Како два примери каде што е евидентна ваквата појава би можеле да се издвојат експлотацијата на водите и шумите. Па така се поставува прашањето каква би била приходната стафка на општините ако од секое шише пакувана минерална вода, корисникот би бил должен да плати 1 денар. Со

сигурност може да се констатира дека таквите приходи би можеле да бидат доволни за опстанок на една мала општина.

Како второ општината не само што нема корист, туку има и голема штета со уништувањето на шумите и патиштата преку кои се пренесува сеченото дрво. Слично е и со експлотацијата на другите природно богатства. Па така локалната заеденица ги чувствува само лошите еколошки ефекти, а финансиските позитивни ефекти компаниите што ги експлоатираат овие природни богатства.

Па така овој предлог на владата кој што е всушност образложен со немањето капацитети на општините, нивната слаба финансиска моќ и организациона моќ, и малите демографски квалитети е всушност контрадикторен самиот по себе. Ако продлабочено го погледнеме овој предлог ќе видиме дека овие критериуми најмалку 20 пати се прекршени од самиот предлагач. Па така доаѓаме до ситуација кога сите освен владата и нејзините коалициони партнери се против ваквото владино решение. Доколку сакаат Владата и Парламентот да донесат закон кој ќе биде од долготраен карактер и реална слика на состојбите, ќе мора да ја чујат македонската јавност, и да им овозможат на граѓаните, општините, експертите, науката и другите заинтересирани страни, да го дадат своето мислење, а дури потоа да се направи закон кој што ќе биде општо прифатен и применлив во реалноста.

- Стравот на граѓаните од укинувањето на нивната општина е оправдан затоа што кај нив се сеуште свежи сеќавањата од пред 1996 година кога доживеаја најголемо понижување од страна на државата. Тие неформално беа прогласени за граѓани од втор ред, со маргинализација на нивните заедници од страна на големите градски урбани општини. Токму лошо изведената фискална децентрализација, која што е можеби една од најголемите причини за таквата состојба, е токму и сега на повидок. На нас ни останува да веруваме дека и овој пат одлуките нема да бидат донесувани во временски теснец и со тоа да бидат повторувани старите грешки. Истовремено со давањето на можност на граѓаните и на општините да го дадат своето мислење ние всушност ја покажуваме и спремноста на нашата земја да ја почитува и Повелбата за локална самоуправа.

- Во многубројните декларации, препораки и директиви, како и други правни акти на Советот на Европа и Европската Унија, нема објективни унифицирани критериуми кои ќе говорат за опстојувањето на една локална заедница. Меѓутоа во рамките на Западна Европа постојат одредени показатели за бројот на општините и просечната големина на општините според бројот на жителите. Од овие споредби може да се види големата разноликост во бројот на општините и бројот на

населението, но основна заедничка карактеристика на овие европски општини е нивната огромна финансиска моќ, која им овозможува да ги извршуваат своите функции без никакви финансиски проблеми. Според тоа еден битен момент при олучувањето на бројот на општините е Законот за финансирање на општините, бидејќи ако има концепт на финансирање со кој 90 отсто од парите на општините ќе се пренесат од централниот на локалните буџети, бројката може да биде и на сегашното ниво. Но доколку општините треба да финансираат поголем дел од своите надлежности од сопствените приходи, целата успешност на овој пакет на закони е доведена во прашање.

- Оттука се доаѓа до еден многу интересен заклучок кој што очигледно Владата не го земала во предвид. А тоа е фактот кој ни кажува дека во моментот не е нужно да се донесува Законот за територијална поделба и да се поврзува со децентрализацијата. Ова е повеќе од јасно бидејќи децентрализацијата може да се изведе и со овој број на општини, па по поминувањето на неколку години да се види дали таквата концепција е одржлива и евентуалните промени кои би биле извршени. Па дури тогаш да се пристапи кон нова територијална карта на општините. Се што излегува од логичноста и издржаноста на оваа концепција, слободно може да се прогласи за избрзан и непромислен чекор.

- Слободно може да се заклучи дека сегашната поделба на општините, со сите нејзини маани, апсолутно е далеку поиздржана од оваа што се предлага сега. Ова е така затоа што не е точен фактот дека Македонија има премногу мали општини. По големината на општините Македонија сега се наоѓа на седмо место меѓу 24 европски земји, а по бројот на жителите на деветто место. Па така територијалната поделба што ја предлага Владата веројатно ќе не крене на самиот врв. Ќе станеме земја со најголемо општини, според својата структура хетерогени и со голем број на противречни интереси.

-Можеме да забележиме една состојба на стремење кон регионализација на Република Македонија, односно воведување на локална самоуправа од втор степен, при тоа целосно прескокнувајќи го првиот кој што кај нас допрва треба успешно да профункционира. Иако европски и светски тренд е воведувањето на повеќестепена локална самоуправа, односно локална самоуправа од прв, втор и трет степен кај нас заради политички мотиви има тенденција за директно одење кон територијална поделба која де факто според својата структура ќе биде процес на регионализација, кој што доколку ја земеме во предвид актуелната состојба на меѓуетнички план, би довело до катастрофални последици по унитарниот карактер на Република

Македонија. При тоа ова се прави и покрај многу видливите сознанија дека кај нас локалната самоуправа ги прави првите чекори во нејзиното заживување и дека таа и во постојните услови покажа доста добри резултати. Недавањето на целосно добри резултати не е последица на нивната големина туку на проблемите кои што општините ги имаат во врска со недоволната финансиска дацентрализација и самостојност. Вака се врши само еден превид на суштинскиот проблем и се оди кон решенија кој само ќе доведат до несогледливо лоши последици за некои општини во нашата земја.

Ние овде зборуваме за концепција на локална самоуправа, а не на кантони, региони или пак Држава. Во рамките на регионите може да има повеќе локални целини, кој што може да бидат урбани и рурални. Можеби требаше да се направи една измена во самиот Устав во врска со ова, бидејќи кај нас и во Уставот е зацртано дека општините се едни, не ги делиме на рурални и градски општини, иако можеби тука требаше да се направи првата интервенција, а потоа да се иде кон прекројување на општините и децентрализација.

Во рамките на регионите може да има повеќе локални целини, кој што можеда бидат урбани и рурални. Во Другово на пример 27 населени села се посебна целина, во однос на Зајас, кој исто така е рурална средина и опфаќа исто толку населби. И двете целини имаат своја локална поврзаност која ги чини локални заедници. Така доколку постои локална албанска заедница тогаш таа ќе ја понесе одговорноста за низа работи во локалната свера, како што се образованието и здравството. Истото важи и за македонската заедница. На тој начин локалните проблеми нема да добијат меѓуетнички карактер. Иако во кичевскиот регион во целина може да има повеќе албанци од македонци, примарни се локалните целини, лоцирани на различни места, кои го сочинуваат мозаикот на локалните заедници. Секоја од нив има сопствен центар.

Друг момент кој што би сакал да го истакнам во врска со предлогот на Владата за територијална поделба е немањето на базичен принцип и конзистентност во него. Имено едни општини се бришат, други се додаваат без притоа да може да се забележи одредена доследност во таквото дејство. Се занемаруваат сите правила кој што постојат во практиката на заживување на локалните заедници. Сето тоа не наведува на заклучокот дека при изготвувањето на овој закон не се водело сметка за интересите на реалната локална заедница туку се работело од етничко-политички и бирократски и дневнополитички интереси. Типичен пример за тоа е неводењето на грижа за типот на општината, односно дали е таа

хомогена или хетерогена. Станува збор за хомоген тип на општина, а не за хетероген тип, кој настанува кога спојувате селски и градски општини, како што сега тоа го прави Владата. Градска општина има типично градски потреби и ако се спои со селска, ќе добиете општина која не може да ги решава ниту селските ниту градските проблеми. Згора на се, ако уште имате и етничко надгласување, тогаш неминовно се создаваат тензии. Со законот во 1996 година се одеше кон максимално растоварување на градовите од пространите рурални средини. Се знаеше дека и во времето кога градовите имаа можности да им помогнат на руралните средини, не сторија ништо за нив. Градовите делуваа како вшмукувачи за околните села правејќи комплетна запоставеност на руралните простори, додека сега градовите се разнебитени, со пропаднати стопанства при што луѓето живеат од буџетските извори на јавните служби. Од како се одвоија, руралните средини остварија такви резултати за кои не можеа ниту да сонуваат во претходниот модел. Сега некој си наумил тој почнат тренд да се прекине. На пример, се предлага да се укине општината Самоков, со 26 населени места. До 1996 година таа имаше само неколку шумски и земјени патишта. И при ниски надлежности и при мали средства, таа општина успеа да создаде многу патишта, да изгради водоводни системи и повеќе објекти од јавен карактер. Замислете само каков стимул ќе и даде на општината полнењето на акумулациското езеро Козјак и равојот на туризмот во тој регион. Да ги погледнеме мариовските општини, кои направија многу повеќе отколку во претходните 50 години. Маврово пак како општина, со собирање на земјишната рента и таксата ќе собере голем сопствен буџет. Вевчани се брише, а луѓето таму постигнаа импресивни резултати. Јасно е дека концепцијата на Владата повторно ги занемува и ги исклучува руралните простори од развојните процеси. Што да кажам за општините како што се од турската зедница, Врапчиште, Центар Жупа, Дола Банца, Вруток, Лабуниште, Другово, Василево, Долнени и др. кои исто така успеваат во сегашни рамки да докажат и покажаа  дека можат да опстанат на овој начин и дека покрај економските елементи опстануваат и даваат придонес за развивање на сите модерни елементи за демократско живеење во рамките на своите општини. Тоа на овој начин едноставно се брише без да се води сметка за тие општини кои веќе опстојуваат.

Исто така може да се констатира дека постојат неколку школски примери за непознавање на географијата. Така, кон Лозово гравитираат голем број населби, а општината се укинувва и се спојува со Свети Николе. Конче е сосема издвоено од Радовиш, а се предлага спојување со општина Радовиш .Белчиште, рурална

средина со многу населени места, се приклучува на Мешеиште, а тоа нема никаква логика. Добрушево, заедно со Могила се приклучува на Кукуречани, иако географски е оправдано центарот да биде во Могила. Сличен е случајот и со Џепчиште кое се става во Тетово, а би било логично да биде со Теарце. Во Гостивар пак, Србиново, Бањица и Вруток се приклучуваат кон градот, иако Бањица може да биде рурален центар. Она што посебно не може да се разбере и прифати е идејата за трите општини во Дебар, Кичево и Струга. На Дебар му се додава Жупа, која и по етимологијата на своето име е центар на тој крај. Да не заборавиме за Кичево и Струга, каде што драстично се менува етничката структура на населението. Сите тие интервенции имаат апсолутно политичко значење.

Друг проблем на кој што би требало да се обрне внимание е како вавиот предлог на Владата би влијаел врз секогаш чувствителната област на меѓуетничките односи. Посебно доколку се земе во предвид сеуште кревката состојба на тој план, после конфликтот во 2001 година. Не само што не се води сметка на тој план туку присутна е и една тенденција на обид за решавање на меѓуетничките односи и нивното смирување токму на теренот на локалната самоуправа. Владата сака во овој нејзин предлог да ги вметне политичките решенија кои би служеле за релаксирање на тие односи. При тоа го занемарува фактот дека локалната самоуправа е најлош терен за решавање на односите од ваков тип. И не само тоа туку таа при тоа ги задоволува само и само барањата на албанската страна, при тоа потполно игнорирајќи ги интересите на македонскиот народ и на другите заедници кои што живеат во Република Македонија. Со тоа не еден начин се врши политичка поделба, односно се создаваат етнички доминантни институции на локалната самоуправа низ цела западна Македонија, а исто така и во деловите од источна Македонија. Од тие причини реалниот мултикултурализам треба мозично да се изрази преку системот на локални заеднии. Преку, на пример македонската или албанската локална заедница , како и на турската заедница. во Вранешница или во Зајас. Ако се спојат тогаш апсолутно се менуваат односите и се воведува механизам на мајоризација и тензии. Прашањата на почитување на етничките интереси треба да се решаваат на друга основа, на државно ниво и во сверата на политичкото општество. Во локалната самоуправа, бес политизација треба да се решаваат најнепосредните потреби на граѓаните. Напротив ние добиваме механизми на етничко надгласување, кои неминовно ќе продуцираат етнички тензии, нови делби и особено егзодуси. Ставете го тоа уште во контекст на односите во регионот, но и во контекст на веќе присутниот радикализам и екстремизам. Практиката вели дека

етнички хетерогени општини се најлош тип на општини. Во локалната самоуправа каде што би требало да се решаваат најнепосредните проблеми на граѓаните се воведува непосредна политизација, со што битно се нарушува и менува етничката структура на населението, со што се добива една друга политичка рамка. На сето ова многу парадоксално звучи изјавата на Премиерот кој вели дека без разлика на тоа колку и какви општини ќе се создадат со Законот за територијална поделба нема да се измени процентот на Албанците, Турците и другите заедници во Македонија. Но, напротив со спојувањето на градските и селските општини какви што беа присутни во минатото ќе се добие следнава состојба: Тетово за разлика од сегашната состојба кога има 56% Албанци, и 44 % други, подразбирајќи ги тука Македонците, Турците, Бошњаците итн, со новиот предлог, односно со присоединувањето на градот со околните села би се добила состојба каде Албанци се 85%, додека другите се спуштаат на 15%. Иста е состојбата и во Гостивар, каде во состојбата каква што е сега, Албанци се 44%, а 56% се други, вклучувајќи ги Македонците, Турците, Ромите и Бошњаците, додека со припоените селски општини би имало 75% Албанци. Идентична е состојбата со Дебар, Кичево и другите места во западна Македонија, а исто така и во источна Македоинја. Но проблем исто така настанува со општините во источна Македонија, како на пример спојувањето на општина Василево  со Струмица. Етничкиот баланс или читајте во проценти е на штета на турската заедница во тој дел од општините. Значи имаме ситуација каде што процентите на турската заедница одат се подолу и подолу. На прв поглед не се толку важни процентите за еден граѓански концепт кој што го негуваме или се обидуваме да го негуваме. Но праксата покажа дека се што се случува досега е излезено како проценти. Јас се прашувам ако тоа досега е пракса сето тоа да се изведува преку проценти, незнам како тоа во иднина ќе се рефлектира, акот тие проценти се доминантни, ако во дадена ситуација се испод реалната ситуација која што е сега и мислам дека и придобивките што турската заедница ги имаше со овие општини, со новото прекројување апсолутно ќе биде испод тој минимум и мислам реално се очекува правата кои произлегуваат од овие проценти, кои не би требало да произлегуваат ќе биде ситуацијата уште полоша. Па така се поставува суштинското прашање, атоа е дали Премиерот разбира дека со ваквата територијална поделба и со добивањето на ваквите бројки ќе доведе до нарушување на суштествениот баланс во сите градови на западна и источна Македонија.

Доколку сакаме ова прашање да го разгледаме од поглобален, регионален аспект, исто така може да се извлечат многу интересни заклучоци. Па така еден од

предизвиците од кои зависи дефинитивното стабилизирање и консолидирање на нашата држава, покрај општото стабилизирање на правната држава, консолидацијата на институциите на јавната администрација како и интегративните процеси во евроатланските институции, е секако и идната територијална поделба на општините и законот за децентрализација, разгледувани во контекст на расплетот на статусот на Косово. Опасноста од новата територијална поделба на општините во мултиетничките делови на државата, односно во западна Македонија е повеќе од реална. Земајќи предвид дека основниот постулат на Рамковниот договор е одржување на мултикултурниот карактер на Македонија, доаѓаме до заклучок дека ваквата поделба е директно во спротивност со Рамковниот договор. Со спојувањето на градските и селските општини повторно доаѓаме до еден тип на окрупнети и нефункционални општини какви што постоеја во социјализмот, при што доаѓа до сериоозно нарушување на етничкиот баланс токму на штета на останатите заедници од тие делови на Македонија. Тоа природно би довело до етничко чистење во тие делови и би завршило де факто со етничка поделба на територијата на Република Македонија. Тоа би било во директна спротивност со основниот постулат на Рамковниот договор за неповрзување на етничките права со територијални решенија, што по логиката на домино ефектот би можело да доведе и до крахирање на самиот Рамковен договор. Доколку еднаш, или како во случајот со нашата влада, повеќепати, се излезе од неговите рамки, која е гаранцијата дека нема повторно да се поставаат на дневен ред барања за негово повторно прекршување. Дали со ова однесување на Владата можеме да забележиме една политичка кратковидост и аматеризам во водењето на државните работи. Дали таа е свесна дека ќе дојде до уништување на Рамковниот договор токму преку реториката за неговото спроведување. Таа тоа го прави и покрај тоа што и меѓународните стандарди упатуваат на поделба на градски и селски општини. Треба само тоа да се следи и ништо повеќе.

Вториот фактор од кој зависи успешноста на децентрализацијата и функционалната мултикултурност е вградувањето на т.н. Бадинтеровото мнозинство во одлучувањето за некои прашања кои се однесуваат на етничките права и различности на општинско ниво. Мора да се спречи мајоризацијата и наметнувањето на етнички притисок во одлучувањето во општините, кое што сега масовно се случува посебно во општините во западна и источна Македонија. Тоа значи воведување на еден мини Рамковен договор кој што би се применувал во местата каде Албанците се мнозинство во однос на Македонците и другите заедници и

обратното. Со тоа би дошло до заштита на општинските малцинства, токму на начинот на кој Албанците се заштитени на државно, односно централно ниво. Без воведувањето на ваквиот механизам тешко е да се очекува успешно спроведување и функционирање на децентрализацијата на успешен и европски начин. Проблемите со децентрализацијата и новата територијална поделба можат непријатно да се поклопат со најавениот процес на разрешување на финалниот статус на Косово и регионалниот притисок. Меѓутоа се заканува опасноста во која менувањето на границите само формално да се потпре на хартија. Затоа таквата состојба може комотно да профункционира. Сепак ова прашање е поврзано со навременото функционирање на правниот поредок, односно функционирањето на војската и полицијата на границите, како и општото присуство на инструментите на теренот на ова подрачје. Лошо водената децентрализација може само да ги влоши така лошите состојби на ова поле. Ова е убедливо најопасната епизода на процесот на стабилизација и консолидација на демократијата во Македонија.

После сите наведени факти можеме да сублимираме дека процесот на децентрализација и територијална поделба, земени во пакет со веќе донесениот закон за легализација на Тетовскиот универзитет, претставуваат политички катастрофални решенија, кои отвораат повеќе проблеми отколку што решаваат. Тоа се одлуки со кои сериозно може да се загрози натамошното финкционирање па дури и самиот опстанок на Македонија. Единствено прашање кое останува да лебди во воздухот по наведувањето на сите аргументи против ваквите потези на Владата, е кој е националниот интерес на Владата кој што се крие зад ваквите потези?. Кој е мотивот и кој се меѓународните стандарди кои не сме ги почитувале а Владата решила да почне да ги почитува?. Што добива Премиерот за возврат со влегувањето во ваквата политичка драма?. Одговорите на ова прашање со сигурност може да се констатира дека не се познати за 99% од популацијата во Македонија, па дури никој не се ни труди адекватно да ни ги објасни. Единствено за што можеме да кажеме дека е јасно е дека законите за признавање на Мала Речица и за територијалната поделба не се обврски на Рамковниот договор на ниеден логичен ниту правен начин на неговото толкување. Децентрализацијата е, меѓутоа треба најпрво, заедно со меѓународниот фактор, да се дефинираат вредностите и принципите на кој ќе се засновува, а дури потоа да се оди кон цртање на карти и граници. Кај нас ваквиот процес целосно е изоставен. Друга многу јасна работа е дека со овој потег се оди во прилог на екстремните албански барања за поврзување на етнички права со територија, што е во директна спротивност со начелото на Охридскиот договор дека

не постојат територијални решенија за етнички права. Спротивно на ова Владата воведува еден процес на софистициран апартхејд кој води кон целосно одвојување на различните етнички групи во сите области, што неминовно ќе доведе до крај на мултиетничкото живеење во Република Македонија. Тоа е работа што не смее да се дозволи во децентрализацијата и јас уште еднаш би потенцирал дека во однос на турската заедница, апсолутно не се земени предвид карактеристиките на оваа заедница која живее, твори и работи во сите сфери во Република Макединија. Сегашната територијална поделба каква и да е таква се покажа доста успешно во средини каде што живеат турците во поголем број од 20% си поставија стандарди, начини на размислување и на живеење и тие стандарди не се земени предвид и она што сега се предлага со новата територијална поделба, останува само една општина, а тоа е општина Пласница каде што доминантно е турското население. А додека во другите општини секаде процентот на учество на турците паѓа уште подолу од сегашната состојба. Исто така и за општина Пласница но за тоа јас би кажал во една друга ситуација, не е консултирана и базата, иако тие имаа сосема друг предлог на територијална поделба за општина Пласница. Очигледно е дека кога се прават и добри работи, не се земаат предвид и размислувањата, резонот и предлозите на локалните граѓани кои најчесто имаат добри решенија за ваквите предлози, без разлика дали доаѓаат од Владата, од Парламентот, или од другите институции. Зошто велам дека турската заедница е во подредена ситуација, зашто како напоменав често пати процентите знаат да одиграат важна улога, а процентите во дадената ситуација без да се земат предвид нивните потреби и нивните сугерирања тоа е на турската заедница, се прави поделба или спојување на општините, без да се имаат предвид нивните размислувања и нивните потреби. Така се случува Центар Жупа да се спојува со Дебар, Лабуништен со Струга, Долнени со Житоше, Василево со Струмица, а да не зборувам дека во градот Скопје се прави некоја вештачка поделба, или поделба по улици на општината Центар и Чаир каде што Чаир се дели на општина Бутел и општина Чаир, без да се имаат историските елементи и факти и концентрацијата на турската заедница кои живеат во тој дел. Но за градот Скопје ќе говорам кога ќе дојдам на оној дел да се зборува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам колега, само договорено е сега расправата по оваа точка да не одат заеднички .

АДНАН ЌАХИЛ:

Имате право само беше како пример кажано, за тоа ќе дискутирам понатаму, кога ќе дојде време за тоа. Но она што е битно е дека во овој дел апсолутно не се земени ни економските ни социјалните ни религиозните, ниту пак други стандарди кои фигурираат и кои егзистираат во Европа во врска со правата и потребите на граѓаните и заедниците кои живеат во Република Македонија.

И да се направи една територијална карта на поделба, или окрупнување на општините каде што ќе дојде до израз и етничкиот ентитет и елемент на определените заедници. Мислам дека требаше и треба ова да се земе во предвид. Не треба само едно димензионално да се гледаат работиве, сите заедници егзистираат во Република Македонија, сите тие имаат основни и суштински потреби од сите аспекти. Мислам дека во втора фаза предлагачот на законот треба да го има во предвид овој пропуст што го направил во однос на оваа заедница, впрочем како што има направено многу пропусти во овој дел. Ако ги земе во предвид овие елементи, јас лично ќе бидам задоволен, но ако не ги земе во предвид тие елементи во однос на граѓаните и на другите заедници, вклучително и на турската заедница, ќе сметам дека се прави политички договор, се прави грубо кршење на правата на граѓаните, впрочем и декларативно, а и она што досега можевме да го слушнеме во Парламентот, ние се стремиме кон Европска Унија во рамки и во функција на Европска Унија ги носиме овие закони, барем такво е објаснувањето. Но, она што се предлага апсолутно не е во функција во интегрирање на Европската Унија, бидејќи правењата на општини без да се имаат во предвид потребите на граѓаните, потребите на заедниците во рамки на една држава, мислам дека нема да води кон добро и не води кон добро.

На крај не би должел повеќе, предлагачот на овој проект, на овој закон Владата на Република Македонија, мислам дека треба да ја консултира јавноста, а јавноста си го кажа своето мислење преку референдуми и она што сега ќе се прави референдум на ниво на државата. Исто така, треба да ги согледа да се консултира со претставниците на заедниците и не само со претставниците на заедниците кои се опозиција, туку со сите претставници на определени заедници без разлика дали се тие позиција, или опозиција, или дали претствуваат во рамки на невладини организации, а сепак се во функција и во интерес на заживувањето на граѓанскиот концепт во државава. Мислам дека тоа треба да се направи, тоа е основната идеја и обврска на Владата да ги консултира апсолутно сите и политички и неполитички

партии во државата за да дојде до конечно реално добро решение во врска со овој закон. Сето друго спротивно ќе води кон полоша ситуација отколку што е сега.

Мислам дека сегашниот концепт 123 општини со правата децентрализација во врска со финансиите, со пренесувањето на надлежностите во различните сфери, мислам дека може да вроди со плод, а да видиме како ќе тече децентрализацијата во рамки на 123 општини, а потоа да се оди на концепт на окрупнување, или пак можеби на создавање на поголем број општини, а сето тоа да не биде врз теоретски основи, туку да биде врз практични основи. Мислам дека праксата треба да даде показатели во кој правец треба да се движи регионалната карта за цртање на општини кој не треба да се меша со децентрализација на власта во државава. Значи, тие се два различни концепти и би требало во различно време при определени услови и во различни погодни моменти, во погодно тло да се реализираат во рамки на државава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За ре;плика се јави господинот Недим Рамизи.

НЕДИМ РАМИЗИ:

Благодарам потпретседателке. Кратко сакам да реплицирам на господинот Аднан Ќахил. Незнам во кој аспект и на Комисијата за политички систем го спомена Лабуништа со новиот предлог се укинува општината и се планира да биде заедно во Струга. Сега незнам дали од аспект на политички маркетинг, незнам колку го познава Лабуништа господинот пратеник. Сигурно Министерството за локална самоуправа при донесувањето на Предлогот на законот тргнал од некои компоненти што предложило општина Лабуништа да биде во Струга. Значи, незнам дали доволно го познава, колкава е таа економска моќ на општина Лабуништа и изградеността инфраструктурно. Само кратко би му поставил прашање, дали е запознат со предлогот за општина Пласница. Во моментот е предложена како самостојна општина, додека од многу разговори со граѓани и тие се зачудени како Пласница е предложена да остане како општина, знаејќи дека нема никаква економска моќ. Дали тука се планира ако биде преложена Пласница во склоп на Македонски Брод, дали ќе биде нарушен некој критериум. Значи, дали е запознат со овие работи за општина Пласница?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ќе одговори господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ако ме следеше господинот пратеник јас спомнав за Пласница, но реков дека во даден момент ќе елаборирам малку повеќе. Би сакал да кажам дека спомнав Лабуништа само поради еден принцип, никако за да направам политички маркетинг. Лабуништа ако се спои со општина Струга процентот на турците во сегашната општина ќе падне под она што сега го има. Само од тој аспект го спомнав Лабуништа, никако во друг аспект, дали има, или нема можности. Бидејќи се даваат предлози за спојување со општина Струга, а Лабуништа сега функционира во ваква општина, не видов ниту аргумент врз основа на што се предлага да се спои. Значи, немаме аргументи ниту за едното, ниту за другото. Јас само кажав и за општина Пласница ако требало, требало и народот да се праша. Јас едноставно имав средба со тие луѓе од Пласница, нивниот предлог е сосема друг, ама тој предлог е елабориран во една моја друга дискусија со карти, со прецизирани ситуации што тие предлагаат и реков дека требаше Владата, предлагачот да ги  има во предвид и позитивните и негативните елементи во однос на општините.

Сосема на крај ќе кажам дека во сите општини како што се предлага каде што турците биле со поголем процент, процентот на турците паѓа вклучително и во сегашна општина што се предлага Лабуништа да влезе во Струга. Бидејќи сите права произлегуваат во последно време од процентите, мислам дека тоа е многу битна работа да не доаѓаме во ситуација да зборуваме низ рамки на проценти. Тоа беше интенцијата и затоа беше спомнато.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави Ѓорѓе Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитуван министер,

Република Македонија со своето осамостојување започна да  гради перспективни позиции на земја која ги почитува демократските принципи, човековите права, евроатланските интеграции и постулатите на меѓународно прифатените стандарди и вредности. Тргнувајќи од вака поставените начела на македонската државотворност засновани и како уставно утврдени начела, Република Македонија создаде меѓународен имиџ на земја која воспоставува солиден процес на правно политички поредок. Секако таквата категоризација на македонската држава е основа за егзистирање и унитарниот карактер на Републиката како строго систематизација на правниот и општествениот поредок. Но, со воениот конфликт во Република Македонија и со потпишувањето на Рамковниот договор се воспостави нови

оптимални принципи за нашата ориентација на европското семејство, држави на евроатланските структури, несомнено доследно почитување на постулатите на Охридскиот договор сега веќе протече и во уставни одредби и насоки кон кои треба да се стремиме сите како граѓани. Политички партии и етнички заедници во јавноста често пати беше поставувано прашањето и дилемата, дали со потпишувањето на Охридскиот договор се зголемија правата на граѓаните во Република Македонија или се востпостави нов систем на права кои ги зголемуваат правата на националните колективитети, а не на граѓанинот. Имплементациите што ги иницираше уставната категоризација на тој договор пред се во општествените, меѓуетничките, меѓучовечките односи говорат дека постојат тенденции на зголемување на правата на националните колективитети, конкретно на албанскиот. Имено, ваквата констатација доаѓа од јавните дебати и активности на политичките елити на Република Македонија. Некои политички партии пласираат политички тези кои мошне остро навлегуваат во ткивото на меѓуетничкиот соживот. Во време кога постои евидентен антагонизам помеѓу етнички заедници, политичките тези кои третираат прашања од чувствителен карактер ниту најмалку не одат во функција на реалното имплементирање на Рамковниот договор.

Прифатениот закон за нов државен универзитет во Тетово, предложениот закон за новата територијална организација на Република Македонија, а воедно и Законот за финансирање на општините очигледно се инспирирани од политички мотиви кои во суштина се контрадикторни со целта на политичкиот компромис постиогнат во Охрид. Компромисот претставува основа за двострано исполнување на обврските произлезени од него каде што македонскито народ и албанската етничка заедница ќе започнат да градат процес на меѓусебна доверба и почитување. За предложените закони мора да постои компромис што ќе ги почитуваат сите етнички заедници во духот на Охридскиот договор, а не нивното пролонгирање да претставува генератор на нови кризи и тензии кај локалното мултинационално население. Предложениот закон за територијална организација мора во себе да ги содржи сите елементи на територијалната толеранција, суштината на територијалната поделеба погледната од теоретско историската генеза и во одбележувањето на надлежностите на државната власт до самите граѓани и неговите функции во општеството. Локалната самоуправа како облик на управување е настаната во социолошка смисла кое претставува економско ;политичка спонтаност и континуитет на локлните единици. Основна карактеристика на локалната самоуправа е тенденцијата и волјата на луѓето да управуваат со се, со

работите и својата заедница. Секако зависно од историскиот развиток на различни земји институционализирањето на локалните единици некаде се одвиваат како веќе воспоставена и реализирана идеја, а некаде постои само стремежот и korиста од земјите со долга традиција на локалното самоуправаување. При креирањето на одделни единици не треба да постои издвојување на приоритетни моменти за развиток на одредени општини, туку треба да се согледа интегративниот општествен тек на социолошките, економските, политичките, историските, културните димензии. Во земја како Република Македонија ограничувањето на единиците само на етничко територијалниот момент нужно води кон можност за парализа на тие единици, бидејќи формирањето на локалните единици по етничка основа во земја со мултиетничко население само ќе ги радикализира и дебалансира релациите помеѓу истите. Во Македонија постои заострен потенцијал за нови конфронтации на интернационално ниво. Затоа мора претпазливо и систематски да се пристапи кон исклучително чувствителната сфера на локалната самоуправа. Република Македонија е унитарна држава и целокупното нејзино фукнционирање треба да се моделира во таа насока, затоа што постои реална опасност од дезинтегративни паралели по унитарна конструкција. Воениот конфликт во 2001 година остави зад себе сериозни последици и секое нивно минимизирање и неадекватно третирање може да биде закана по мирот и соживотот.

Се поставува прашањето дали предложениот закон за нова територијална организација води кон децентрализација, дали ваквиот закон ќе ја постигне целта и поентата на децентрализацијата? Можам да констатирам дека со овој закон се наоѓаме пред прагот на федерализација на Република Македонија и кон нејзино дистрикутирање како унитарна држава. Со овој закон се удира по темелите на децентрализацијата во вистинска смисла се губи насоката кон која се стреми Република Македонија, а тоа е создавање на амбиент на демократичност и перспективност фундаментен на европскиот полилтички економски и културен интегритет. Со него се промовира дисконтинуитетот на веќе започнатите процеси на децентрализацијата. Во ссовремените европски држави локалната самоуправа е креација на нормативната регулатива во извршната власт како дел од политичкиот систем. Но, погрешни се тврдењата дека извршната влас со својот бескомпромисен волонтаризам може да создаде локална самоуправа со демократска профилација и позитивно социолошка имплементација на правните норми со кои се регулираат во одредени културни средини. На 15 октомври 1985 година Советот на Европа ја донесе Европската повелба за локална самоуправа, ставајќи акцент во преамбулата

дека правото на граѓаните да учествуваат во водењето на јавните работи е демократски принцип кој важи во сите земји членки на Европа. Во неа е изразено и уверувањето дека најнепосредното остварување на ова право е можно токму на локално ниво со убедување дека само локалните власти и со вистинска одговорност можат да обезбедат ефикасна и блиска управа на граѓаните, свесни дека зачувувањето и јакнењето на локалната самоуправа во разлини европски земји е значаен придонес за изградба на Европа која се заснива на начелата на демократијата и децентрализацијата на власта. Тоа подразбира постоење на локални власти што поседуваат демократски избрани органи и степен на автономија. Повелбата регулира дека локалната самоуправа веќе се утврдува спрема националното законодавство, локалната самоуправа е право и оспособеност на локалните власти дека тоа право ќе се врши по пат на своите или собранија, можност за референдуми и собири на граѓаните, основните права и должности ќе бидат регулирани со статутот, промената на границите на територијата над која се протега авторитетот на локалните власти нема да се врши без претходно консултирање на заинтересираните локални заедници, можност за своја управна структура, своја економска политика во склад со земјата со свои извори на средства на финансирање, право на меѓусебна соработка. Сите видови на управен надзор над работата на локалните власти можат да се вршат исклучиво во постапка предвидена со устав и закон. И локалните власти имаат право на правни инструменти заради слободно обезбедување на своите права и должности и почитување на начелото на локалнта самоуправа востановено во Уставот, или законот на земјата на која и припаѓаат. Од наведените начела може да се забележи тенденцијата локалната самоуправа да го добие своето вистинско значење и функција. Но, за нашите прилики и конкретно предложениот закон членот 5 говори многу. Мора да постојат консултации со локалните власти при ново прекројување на општинските граници. За жал кај нас таква консултација беше избегната и со градоначалникот и со локалното население. Тоа е сериознен удар по темелите на оваа повелба и удар на демократијата воопшто. При подготовката на овој закон проект Владата необјасниво се затвори во својот круг неконсултирајќи компетентни личности. Беа избегнати секакви совети од експерти, граноначалници, претставници на меѓународни заедници, локалното население. Затоа и овој проект е со една силна политичка компонента работен според инструкциите на коалицијата и е катастрофално лошо, бидејќи е само резултат на политички пазар. А сепак, се работи за сфера која бара вистински професионален ангажман.

Децентрализираната локална самоуправа мора да биде антипод на централистичкото управување, бирократските методи на управувањето, антидемократските центри на концентрирана политичка моќ, посебно во релациите Влада, локална самоуправа. Современите светски системи на локалната самоуправа се историски континуитет на политичкиот систем, а локалната самоуправа е основниот фрагмент на демократското живеење.

Тие се: успешно функционирање на општествените текови и водење на економската политика, развивањето на културата, здравствената заштита, урбанизирањето и осовременувањето на постојните и новите инфраструктурни објекти.

Децентрализацијата како демократски процес е базирана врз квалитетите на традицијата како баланс меѓу централизам и технократизам на државната организација. Носител на децентрализираната општина мора да биде индивидуалниот интерес на граѓанинот, секако поврзан со колективната структура на интересите на другите граѓани. Не постојат историски хомогени средини, па и самото одвивање на општествените активности ја изразува потребата од дефинирање на локален самоуправен систем, систематизиран врз начелата на индивидуалниот интерес. Но, во никој случај не смее да биде кнципиран во корист на националниот интерес, запоставувајќи го индивидуалниот, човечкиот и прагматичниот интерес. Егзистенцијата и националниот интерес, посебно обидите за неговото институционализирање не смеат да се формулираат како децентрализација. Намерното и неоправданото поврзување на националниот интерес на одредени заедници со прагматичниот вод низ институциите на системот претставува злоупотреба на локалната самоуправа, нејзината политичка, економска и социолошка фнкција. Локалната самоуправа не смее да биде бариера, железен ѕид меѓу општините. Омеѓувањето на општината по национална основа несомнено би довело до сегрегација на таа општина од унитарниот концепт на државата. Тоа посебно би се случило во Република Македонија, земја која имаше воена криза, каде што уште во западниот дел рна земјата постои силна национална кауза, која решението за албанското прашање го гледа на териториите каде што државата сеуште не воспотавила ефективна власт, што е една од основните карактеристики на државата. Владата на Република Македонија се обидува да наметне закон кој сам по себе претставува отворање пат кон федерализација и сепарација на овие територии. Не е ли пологично прво, државата да воспостави ефективна власт за да се зачува унитарниот карактер на Република Македонија, па дури потоа да

дискутираме за начинот на кој би се одвивала децентрализацијата. Загрижува фактот дека македонското население во овие средини е под пресија за иселување, а државата не презема ништо, само пасивно набљудува и молчи. Со овој закон би се обезбедила само правна поткрепа на културниот геноцид врз македонците. Македонските општини ќе се втопат во средините познати како извор на екстремизмот и национализмот и ќе го изгубат својот вековен идентитет и континуитет. Тоа е случај со многу села во Струга и Кичево, кои верувајте низ историјата беа градови кои многу му дадоа на македонскиот народ, кои беа пунктови на одбраната од негативните влијанија и закани. Македонските општини треба да функционираат слободно како итегрален управно политички систем, а не да бидат сублимирани во окрупнети општини со мнозинство албанска популација. Како е можно села со автентична македонска култура, кои претставуваат економско културна целина, нелогично е да бидат сегрегирани од таа целина и да бидат припоени кон нови општини кои никогаш не функционирале како културна целина.

Ние како законодавен дом мора да застанеме против можноста за федерализација на земјата, нашата обврска навистина е сериозна и должни сме пред македонскиот народ и нашите идни генерации да го спречиме донесувањето на овој закон, кој ќе донесе само можност за деструкција и тензии. Мораме да ги заштитиме нашите сограѓани и да им обезбедиме сигурност и светла иднина.

Затоа, ги повикувам сите колеги пратеници да застанат против овој закон, да гласаат против, затоа што Република Македонија нема друга алтернатива, освен да биде унитарна и единствена и перспективна земја, каде што државотворниот македонски народ ќе живее во амбиент на вистинска национална солидарност.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има бор господинот Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитувана потпретседателке.

Почитувани пратеници, почитувани министри.

Денес расправаме за Предлогот за донесување на закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, што е важен закон за Република Македонија, па сакам да дадам своја аргументација

и свое мислење. Дел ќе поврзам со некои општини од мојот крај, од таа изборна единица.

Со чиста свест и здрав разум слободно можам да кажам дека денес отпочнавме со расправа од која директно ќе зависи натамошната судбина на Република Македонија. Влогот е премногу голем, влогот е нашата земја, влогот е судбината на милион граѓани. Од нашите дискусии, од нашите ставови, од моменталната инспирација, од состојбата на умот и конечно од нашите решенија и од нашиот глас директно ќе биде определена иднината на оваа земја. Стенограмите ќе бидат сведок, народот поротата, а историјата ќе суди.

Да бидеш пратеник во ова време е несомнено преголема одговорност. Одговорноста која бара исклучителен ангажман, посветеност и најбитно, решавање со сопствена глава, по сопствено убедување. Повторувам, сега ние како народни избраници не треба да гласаме по партиска директива, наредба или под диктат, туку треба само да го пренесеме гласот на народот. Гласот на избирачите од изборните единици од кои сме дошле, оние луѓе кои ни го дале мандатот, оние луѓе кои треба да ги претставуваме.

Многу добро знам што размислуваат моите избирачи, што чувствуваат и што сакаат. Затоа, на самиот почеток децидно ќе се изјаснам: ќе гласам против предложениот закон за територијална поделба. Ќе гласам против, затоа што ако се изјаснам афирмативно, ќе бидам вброен во книгата на предавниците на националните интереси и никогаш не ќе можам да се прошетам во своето место со крената глава, затоа што ќе бидам изложен на потсмевот и револтот на моите сограѓани.

Дами и господа, територијалната или јас би рекол подобро административната поделба на Република Македонија е уставна категорија. Помалку или повеќе ние денес расправаме за најсуштинската промена на политичкиот систем на нашата земја. Се менува еден цел сложен систем и дефинитивно од квалитетот на крајното решение ќе произлезат рефлексиите за натамошната иднина, кои морам да напоменам можат да бидат со крајно негативно, дури и разорно дејство.

Пред да започнам со образложувањето на моите аргументи, поради кои ќе гласам против, би сакал сите од вас да ве потсетам. Денес не треба да се занесуваме дека сме само обични кројачи на граници и дека не е битно дали ножицата ќе отиде малку повеќе десно или лево. Денес сме кројачи на животите на

илјадници семејства, стотици илјади животи на наши граѓани. Молам за трезвеност и длабока промисливост.

За секое предложено законско решение постојат три вида на мотиви и тоа: правни, економски и политички. Точките на интерес во конкретната ситуација го определуваат главниот или централниот мотив околу кој се фокусира најголемото внимание. Очигледно е дека при овој закон преовладувал политичкиот мотив и тоа неговиот најдеструктивен и најдегенеративен дел, а тоа е политичкото пазарење во функција на наводно повисоки, а во суштина квази политички цели. Иако доаѓаме до констатација дека преовладува политиката, на тоа ниво ќе дадам контрааргументи, од кои дел ќе бидат демантирање на тезите на власта, а дел мои согледувања за политичкиот момент во целиот проект.

Најпрво, власта оди со еден доста добар лајт мотив, а тоа е параванот дека децентрализацијата е обврска од Рамковниот договор. Во суштина тоа е точно, но поради неупатеностса на широките народни маси во квалифицираноста на поимот “децентрализација” и неговото поистоветување и синонизирање со територијалната распределба, власта се обидува да го маскира своето замислено дело. Имено, децентрализацијата како обврска од Рамковниот договор подразбира трансфер на определени надлежности кои досега биле во сферата на централното политичко одлучување кон единиците на локалната самоуправа, а тоа се општините. Оттаму произлегува дека територијалните решенија за општините, односно исцртувањето на границите никако да не се диктат од страна, или преземена обврска која треба да се исполни, туку тоа е најобичен пазар меѓу коалиционите партии. Македонската јавност треба да знае директно дека Бранко Црвенковски во договор со Ахмети, а заради цел која брзо ќе ја дознаеме, се пазареше врз нивниот грб, им ја скрои капата, им ја запечати судбината.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Србиновски, ако може малку внимателно да се зборува, посебно за луѓе кои не се тука.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Добро.

Би сакал да ја искористам оваа прилика и да го прашам премиерот која беше цената, кој беше мотивот, кој беше дилот за ова што го направи на македонците во Кичево, Струга, Чаир, Топанско Поле, Вевчани и ред други општини.

Кога го зборувам ова, сакам да потенцирам дека не навлегувам во агресивен национализам, сервирајќи радикални идеи и ретроградни мислења. Јас само ја претставувам реалноста, а реалноста говори дека во оние места каде македонците се малцинство во однос на граѓаните од албанско етничко потекло, се чувствува тивок но константен егзодус, односно напуштање на нивните вечни огништа и иселување од прадедовската земја. Не обвинувам никого, но на овој начин премиерот свесно и практично го предава западниот дел на државата во рацете на својот коалициски ортак Ахмети. Ако оваа констатација ја дополниме со фактот кој говори дека предложеното законско решение од областа на ингеренциите кои им се дадени на единиците на локалната самоуправа или поточно недопрецизираниот и недоволно јасен член, кој допушта меѓусебно поврзување на општините, заради задоволување на некаков интерес, е се поизвесно и свесното форсирање на географско политичкиот поим Западна Македонија, од кои голем дел од нашето население има најблаго речено фобија. Ако ова се операционализира, ќе бидеме доведени во ситуација на постоење трансферзала или линија која од Липково, преку Кондово и Сарај, Тетово и Гостивар, Зајас и Кичево ќе завршува некаде кај Струга, која ќе биде некаква паратворба, која со сите сили ќе се обидува да продуцира атрибути на државност, при тоа неодбегнувајќи да користи и радикални тактики и методи.

На кого му е потребна ваква авантура, од која идеолошка или политичка матрица се раководат челниците на СДСМ, ЛДП и ДУИ кога предлагаат вакво лошо законско решение, од кое крајниот бенефит е непознат. Или можеби грешам, можеби користа од целата ментална екскурзија ќе ја имаат токму тие три лица кои се поставуваат во позиција на целата македонска јавност, вклучувајќи ги тука припадниците на сите етнички заедници кои живеат во Македонија. Можеби се работи за вешто смислена режија со точно и прецизно испланирани цели во функција на подигнување на рејтингот помеѓу гласачкото тело на партијата на Ахмети, а за возврат Црвенковски би требало да добие нова фотелја бидејќи се заситил од старата. Дека комбинаториката е во функција на претстојните избори е очигледно и во пракса потврдено. За тоа сведочи фактот дека во глобала се укинуваат или се приклучуваат кон други единици на локалната самоуправа општини во кои граѓаните традиционално гласаат за ВМРО-ДПМНЕ. На тој начин СДСМ ја трасира својата изборна кампања уште од сега, со надеж дека ќе успее да се задржи на власт, притоа занемарувајќи ја реалноста која говори дека народот нема да им прости за ова.

Значи, на премиерот не му беше доволно што по доаѓањето на власт селективно ги алоцираше средствата за трансфери во општините и тоа само во оние општини во кои има градоначалници од сопствените редови, туку сега сме доведени во ситуација на крајна ригорозност и буквално бришење на единиците на локалната власт кои не се под негова директна контрола. Да не зборувам дека никаде во светот, ниту во практиката ниту во теоријата не е познато да се прават непроверени миксови меѓу урбани и рурални општини, бидејќи тоа е противприродна работа. Урбанта средина си има свои специфики како што се: континуирани урбанизации на просторот, приоритет на сообраќајните решенија, поголем опфат на регулација на санитарно канализациони системи, поголем густина на население, поинакви услови за културно забавната дејност и друго. Руралните средини пак се фокусираат на дејност од специфичен интерес како што се: аграрот, електрификацијата, телекомуникациското поврзување и тн. Хартијата, почитувани пратеници, трпи се, а на хартија може да постојат и вакви неприродни творби, но во реалноста овој погрешен пристап ќе се демантира во целина, манифестирајќи ја својата полна сила, која ќе биде можеби со разорно дејство во подоцнежниот период. И апсурдот да биде поголем, во досегашното практицирање на својата формално правна самостојност, токму општините во руралните предели ја покажаа својата функционалност, правејќи доста позитивни проекти, чија корисност од истите ја почувствува секој граѓанин. И зошто сега е потребно ова? За да се спречи успешниот чекор на овие општини, па тоа и не е толку страно за оваа Влада, која преминува деструктивност на секоја позитивна карактеристика во земјата.

Почитувани пратеници, би кажал уште нешто. Спроведувањето на децентрализацијата во Република Македонија, секако во тој дел како најзначајна територијална организација на локална самоуправа, претставува важен и сериозен елемент за општото функционирање на социо економскиот систем на населбите и населението. Територијалната организација направена во 60-тите години, кога се создадода големите таканаречени градски општини, се создадода големи и гломазни општини. Предизвикаа процесите на урбанизација, да се одвиваат само во општинските односно градските центри. Како резултат на тоа настана голем процес на емиграција, со напуштање на селата и преселување на населението по градовите. Ваквиот процес доведе до нарушена состојба во просторната организација на населените места и до промена на демографската состојба на државата. Се создадода големи и развиени градски индустриски центри, во кои се

концентрираше целокупниот економски стопански потенцијал, од една страна, раселени и опустошени селски населби и региони од друга страна.

Територијалната поделба во 1996 година, кога се создадода 123 општини, без разлика на мотивите и пристапот, создаде можност за одредена ревитализација на руралните средини, а задоволството од таквото функционирање на новата локална самоуправа во однос на период пред 1996 година, која на граѓаните им понуди побрзо решавање на присутните животни проблеми во нивните заедници, денес масовно се изразува по пат на референдумско изјаснување, кое е изразено со поддршка за натамошно опстојување на веќе постојната територијална поделба.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, се извинувам, само должна сум да ве информирам, има уште три минути до 14,оо часот. Дали имате шанси да завршите?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Имам најмногу уште половина час.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Тогаш ако може да довршите некој дел, па после ќе продолжиме после пауза. Може сега да престанете?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Нема проблем.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Давам пауза до 15,оо часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со работа.

Колегата Србиновски, продолжува со својата дискусија.

Повелете колега.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван потпретседателе, ќе продолжам со дискусијата, како шро реков, стенограмите ќе бидат сведок, народот порота, а историјата ќе суди.

Спроведувањето на децентрализацијата во Република Македонија, секако, во тој дел како најзначајна територијална организација на локалната самоуправа пртставува важен и сериозен елемент  за општото функционирање на социо-економскиот систем и населбите и населението.

Територијалната организација направена во 60-тите години кога се создадоа големите таканаречени градски општини, се создадоа големи и гломазни општини, предизвикаа процеси на урбанизација и индустријализација, да се одвиваат само во општинските односно градските центри. Како резултат на тоа настана голем процес на емиграција со напуштање на селата и преселување на населението кон градовите. Ваквиот процес доведо до нарушена состојба  во просторната организација на населените места и до промена на демографската состојба на државата. Се создадоа големи и развиени градски индустриски центри во кои се концентрираше целокупниот економски стопански потенцијал од една страна, раселени и опустошени селски населби и региони од друга страна.

Територијалната поделба во 1996 година, кога се создадоа 123 општини без разлика на мотивите и пристапот создаде можност за одредена ревитализација на руралните средини, а задоволството од таквото функционирање на новата локална самоуправа во однос на период пред 1996 година која на граѓаните им понуди побрзо решавање на присутните животни проблеми во нивните заедници денес масовно се изразува по пат на референдумско изјаснување кое е изразено со поддршка за понатамошно опстојување на веќе постоечката територијална поделба.

Со цел да се избегнат грешките направени во изминатите периоди, при формирањето на новата територијална организација, на локалната самоуправа во Република Македонија истата треба да се направи врз основа на користење на научно издржани критериуми. При што, политичките би биле едни од последните. Врз основа на тие критериуми, досегашната нарушена состојба во просорната организација на населените места движењето на населението во Република Македонија да се ревидира и посоодветно да се планира. Во тој контекст треба да се биде поголема, ќе се зголемува бројот на населбите со поголем број на функции, гледано развојно, веројатноста за помногубројни и поконкртни акции, за планирање. Организација,изградба и управување исто така поголема, бидејќи сознанијата за проблемите на локално ниво и иницијативите на нивното надминување  се поголеми.

Донесувањето на новите закони за децентрализација на власта во Република Македонија треба да направи спој, помеѓу надлежностите кои се доверени на локалната самоуправа со Законот за локална самоуправа, и средствата со кои локалната самоуправа ќе располага за извршување на пренесените надлежности од централно на локално ниво како и поедноставување на сервисните услуги кон граѓаните.

Вака предложениот предлог на Законот за територијална реорганизација, на локалната самоуправа во Република Македонија, предизвика бурна реакција изразена со незадоволство кај најголемиот дел од населението, бидејќи предлогот не ги задоволува основните елементарни географски критериуми, се менуваат етничките односи во регионите, се избришаа а и се отстапи од основните принципи и критериуми врз кои треба да се темели новата териротирјална поделба.

Присуствувањето на новите општини, треба да се испочитуваат интересите на територијалните заедници но се поведе претходно поширока расправа и дијалог со постоечките локални власти, етничко политичките интереси и позиции, се чини беа земени како најважни критериуми. На тој начин, со Предлогот во битолскиот регион од вкупно 9 општини од кои една градска, Битола, и 8 рурални општини со вкупно околу 90 селски населби и површина од 1916 км2, се создаваат нови три општинии од кои едната е градска општина, Битола, кон која се припојуваат општините, Бистрица и Цапари и две рурални општини. Општината Новаци со седиште на општината во село Новаци, а кон која се припојуваат општините Старавина и Бач, во Новаци, и другата општина, е формирана од општините Могила, Кукуречани, и Добрушево. Која на ваквиот начин е доста дискутабилно по начинот на формирањето и изборот на седиштето по општината. Очигледно е дека при создавањето на една ваква општина, каде седиштето според првичниот Владин предлог е определено да биде во Кукуречани, а направен превид, се тргнало од чисто политички интереси а не се земени во предвид географскиот критериум, како најважен предуслов, но и според сите други како економско функционални, економски, потенцијални инфрастсруктурни критериуми, бројност на населението и други критериуми, седиштето на така формираната општина логично е да биде во селото Могила.

Членот 17 од Законот за локална самоуправа предвидува: “Подрачјето на кое се основа општината треба да претставува природна географска и економска поврзана целина со комуникации на населените места и гравитација кон заемниот

центар како и да има изградени инфраструктурни објекти и објекти од општествен стандард.

Во случајов со создавањето на новата општина која е предвидено да биде основана од општините Могила, Кукуречани и Добрушево, комуникацијата на населените места и гравитацијата е кон селото Могила како заемен центар и доколку доследно се испочитува овој член, неминовно е селото Могила да биде општински центар на новата општина.

Ако се погледне географската карта на Република Македонија многу јасно се гледа дека Могила како постоечка општина и Могила како населено место и административен центар на истоимената општина се наоѓа на средишниот дел помеѓу општините Добрушево и Кукуречани на скоро под еднакво растојание од постоечките општински центри Добрушево и Кукуречани на истоимените општини. Исто така, најодалечените населени места во трите општини во однос на селото Могила се на подеднакво растојание, околу 24 км., како што се на пример Трновци и Вањевци од сегашната општина Могила, потоа, Облаково и Лопатица кои се во состав на општина Кукуречани како и Мусинци и Ношпал од општината Добрушево.

Населените места од општината Могила и општината Добрушево во селото Могила како општински центар меѓусебно се поврзани со патните правци од регионален карактер на пример патот 106, Прилеп-Битола и патот 119 Вашареица-Бучин кои гравитираат кон 9 села со околу 2600 жители, потоа регионалните правци патот 120 и патот 121 кои ги поврзуваат Могила и Добрушево и сите други населени места од двете општини. Тоа значи дека преку овие патни правци кон Могила гравитираат некаде околу 6.700 жители од 23 села во состав на двете општини.

Во вака формираната општина составена од три општини Могила, Кукуречани и Добрушево предлагам да се изврши една промена на седиштето на општината и за седиште на општина да биде селото Могила, а без разлика, тука кажувам, дека општината Могила може да биде своја општина како и Добрушево со своја општина, бидејќи со една мала измена општина Кукуречани може да биде своја општина со некои делби на некои села.

Селото Кукуречани се наоѓа на крајниот западен дел на новопредложената општина и на патот Битола-Кичево и комуникацијата на сите села од општините Могила и Добрушево со Кукуречани е многу лоша. Зошто? Се остварува преку патот Прилеп - Битола, потоа, патот Битола - Кичево, тоа значи да се стигне од Кукуречани од било кое село од општините Могила и Добрушево, мора неизбежно прво да се помине низ Могила, потоа се продолжува во правец на Битола и на само два

километри пред Битола треба да се упатат по патот Битола - Кичево, на кој се наоѓа селото Кукуречани на 8 километри од Битола.

Во овој случај најголемата оддалеченост на селата со селото Кукуречани изнесува над 45 километри. Поради ваквата географска поставеност на населените места како најлогично се наметнува тоа, од општините Могила и Добрушево да се формира новата општина со седиште на општината во село Могила и друга општина Кукуречани со селата кои се во нејзин состав. Низ Могила поминува и железничка пруга Битола - Скопје, која е единствениот вид јавен превоз за неколку села со Могила и потоа со Битола. Такви се селата Ново Селани, Лознани и други.

И магистралниот пат Битола - Скопје, поминува во непосредна близина на селото Могила. Ваквата географска местоположба на Могила не треба да се изземе како важен и воедно и најважен критериум во определувањето на општинскиот центар.

Доколку доследно се почитуваат критериумите и членот 17 од Законот за локална самоуправа утврдени и усвоени од самот предлагач, тогаш најлогично е новата општина составена од тие три општини Могила, Добрушево и Кукуречани, да биде општина Могила со седиште на општината во село Могила, бидејќи претставува центар кој гравитира во овие села, но не треба да се исклучи фактот дека денес селото Могила е најголемото рурално населено место во Пелагонискиот регион со 1570 жители успеа да се одржи и покрај големата миграција на населението карактеристично за Битолскиот регион. Повеќе од 15 години наназад веќе никој не се иселува, постојано инфраструктурно се изградува и од типично селска населба преминува во урбана средиа, а ист е случајот и со останатите населби во состав на општината.

Од 1997 година со почетокот на функционирањето на локалната самоуправа се извршија значајни промени во однос на социјалниот стандард на живеење. Промените кои се случуваа во комуналната сфера доведоа до подобрување на општите услови за живеење, а тоа како резултат на решавањето на основните инфраструктурни проблеми, така да денес во сите населени места има вода за пиење, локален пат, јавно осветлување, добар дел асвалтирани улици, во повеќето од селата телефони итн.

Би се задржал на економско функционалните критериуми на општина Могила. Во Могила работи и најголемото основно училиште во руралните средини со 180 ученици, пошта, здравствена амбуланта, месна канцеларија како испостава на Министерството за правда, дом на култура во кој се одвиваат голем број на

културно забавни манифестации, библиотека која работи, како испостава на градската библиотека од Битола. На ниво на општина работат уште две основни училишта за образование до 8 одделение, во Долно Србци и Вањевци, потоа 7 подрачни училишта со образование до 4 одделение во кој наставата ја посетуваат околу 200 и пет шеесет ученици.

На ниво на општина Могила постојат, работат и даваат услуги на 4537 жители, 4 здравствени амбуланти кои се во селата Могила, Долно Српци, Вањевци и Трновци со лекар од општа и стоматолошка пракса, потоа три испостави на Министерството за правда кои работат како месни канцеларии, во овие наведени села.

Локалната самоуправа на Могила во период од формирањето од 1996 година до денес успеа да ги реши сите најнеопходни инфраструктурни проблеми во населените места во состав на општината. Така да денес нема село без асвалтен пат, нема село без вода за пиење, нема село без улично осветлување, село без телефони, асвалтирани се повеќето улици, и скоро во сите села уредени се јавни површини, рекјонструирани се културните домови во кои се одвиваат сите манифестации во едно село. И, скоро во сите села е реконструирана електричната мрежа со нови трафостаници.

Подрачјето на општина Могила благодарение на локалната самоуправа претставува вистинско градилиште на локалната самоуправа и во текот на целата година има инвестициски активности. Во период од 1997 година е започнат најголемиот инвестициски проект на локалната самоуправа во комуналната сфера, изградбата на регионалниот водовод со кој се овозможува водоснабдување на Пелагониските села со користење на вода за пиење и домаќинствата од градскиот водовод на Битола во кои спаѓаат населените места од оптштина Могила и општина Добрушево.

Во период од 1997 година, е завршена изградбата на телефонијата во сите населени места во општината и денес сите домаќинства имаат телефонски приклучок. До овој период во општината постоеја само 2 телефонски приклиучоци.

Во сферата на подобрување на условите за живеење е локалната патна мрежа која целосно е завршена во 2003 година, т.е. јавното осветлување, реновирање на културните домови, места во кои се одвиваат и онака малубројните културно забавни активности во селото. За жал, тоа не беше случај до 1996 година, кога сите села имаат типичен селски карактер. Заборавени од времето и општеството без вода за пиење, без пристапен пат до селата период до кога во ниту

едно село немаше телефонски прилучок и улично осветлување. Во повешето од селата не беше решено водоснабдувањето, немаше ниту еден метар асвалтирана улица.

Општината Могила со 4537 жители е најголемата рурална општина во битолскиот регион, а селото Могила со 1570 жители е најголемото рурално населено место. Според утврдените критериуми слободно може понатаму да постои како општина  без припојување на друга општина, а уште помалку нејзино припојување кон друга општина, бидејќи, и според бројот на жители на општината, потоа број на жители на општинскиот центар, местоположобата на општинскиот центар и гравитацијата на селата кон него, потоа економските, функционалните критериуми и таа е најблиску до утврдените критериуми, општина до 5 илјади жители т.е. општинскиот центар да има до 2 илјади жители.

Денес општината Могила, со оглед на добрата геогравска местоположба, сместена меѓу двата градски центри, Битола и Прилеп, со кои се поврзува со руралниот и магистралниот пат и железничката пруга Битола - Прилеп, добро изградената комунална и локална инфраструктура во последните неколку години, потоа развиеното земјоделско и сточарско производство, претставува интересно место за изградба на многу стопански субјекти во обласа на производството: преработка на тутун, производство на храна итн.

На подрачјето на општина Могила денес има над 70 правни објекти, со околу 1050 вработени, главни носители на стопанството во општината, се ЗК “Пелагонија”, каде од општина Могила има 380 вработени, потоа “Лозар”, Водостопанство “Пелагонија”, Фабрика за сточна храна “Радобор”, агросеме, погон “Млин Лознани” и над 70 други поголеми и помали фирми во приватна сопственост.

Ќе се префрлам на стопанските потенцијали.

Секако најзначајни во наредниот период за општина Могила ќе бидат инвестициските активности најавени во делот на преработката на тутун, што би требало да овозможи нови вработувања, како и истражувањата на минералните води кои се покажуваат со висок квалитет.

Најголем стопански потенцијал на општината Могила претставува плодното обработливо земјоделско земјиште. Сместена во централниот дел на Пелагонија, општината Могила го опфаќа најплодното и најквалитетното земјоделско земјиште во Пелагониската котлина, со вкупна површина од 15276 ха. Од тоа во општествениот сектор 9762 ха и во приватниот сектор 5500 ха. Дел од ова земјиште, околу 2450 ха е опфатено со хидромелиоративниот систем “Стрежево” и се

овозможува наводнување и со тоа се зголемуваат приносите на земјоделско производство.

Доколку се усвои законот за финансирање на општините, дел од концесиите да биде приход на општините, во тој случај околу 5500 ха кои се издаваат под закуп, со просечна вредност 5000 денари од хектар се создава реална основа за сигурен извор на приход на општината.

По структура земјоделско производство е застапено со пченица, годишно околу 7500 ха, со просечни приноси од 3200 до 4500 кг по хектар, и годишно производство околу 26 илјади тони. Шеќерна репка околу 300 ха, со просечни приноси од 50 до 100 илјади кг. по хектар и годишно производство од 1500 тони. 1500 хектари со пченка, со просечни приноси од 8000 илјади кг. по хектар и годишно производство околу 12 илјади тони. Сончоглед околу 1100 хектари, со просечни приноси од 1700 до 2000 кг. и годишно производство од околу 2000 тони. Тутун 360 хектари, со просечни приноси од 2000 кг. по хектар и годишно производство некаде околу 750 тони. Градинарски култури, како на пример патлиџани, пипер, зелка и друго 600 ха, со просечни приноси од 4000 и годишно производство од 2400 тони. Околу 3 илјади хектари се засејуваат со фуражни култури, силажна пченка и луцерка, за исхрана во сточарството.

Со ваквиот обем на производство општината Могила зазема значајно место како регион во производството на храна, во вкупното производство на Република Македонија.

Друга позначајна дејност е сточарството.

Поволните климатски услови овозможуваат развојот на сточарството, пред се одгледување на крави и производството на млеко.

На ниво на општина се смета дека има околу 2500 крави и друга крупна стока од кое во општествениот сектор, во состав на ЗИК “Пелагонија” има околу 800 крави и во приватниот сектор околу 1300 крави, со годишно производство од околу 10500 литри млеко.

Во прилог на ова треба да се напомене дека во општината Могила се наоѓа најголемата сточарска фарма во Македонија со околу 800 молзни крави во сопственост на ЗИК “Пелагонија”. Сакам да кажам дека тука се запослени многу луѓе од општина Могила.

Со донесувањето на законот за вршење на земјоделска дејност, голем број напредни, современи земјоделци, регистрираат фирми.

На подрачјето на општина Могила, своја дејност извршуваат стопански субјекти, чија дејност е тесно поврзана со земјоделието и сточарството. Најголем и воедно најзначаен стопански субјект е ЗИК "Пелагонија" која обработува околу 5500 хектари од обработливо земјиште и најголем број од вработените лица во општината се вработени во ЗИК "Пелагонија".

Сточарската фарма "Радобор" е најголемата сточарска фарма во Македонија со 85 вработени лица, со околу 800 молзни крави и 200 грла подмладок, товни јуници, производство на млеко што се пласира во Млекарата Битола.

Фабриката за сточна храна "Радобор", според капацитетот на дневно производство е една од најголемите од овој вид во Македонија со околу 110 вработени. Во состав на оваа фабрика работи и еден од поголемите капацитети за производство на семенски материјал, пченица, јачмен итн.

Во општината Могила свои работни единици има АИК Лозар - Битола и обработуваат околу 220 хектари, со постојано вработени со околу 40 лица од општина Могила и голем број повремено вработени, во зависност од потребата.

На подрачјето на општина Могила денес постојат околу 70 фирми кои се од областа на малото стопанство, трговијата и угостителството.

Обемот на земјоделско производство и квалитетот на производите нуди големи можности и според непосредни најави, од домашни и странски инвеститори, за формирање на делови од преработувачката индустрија на територијата на општина Могила и тоа од производството на прехранбени производи, пијалоци, тутун и друго. Понатаму преработка и конзервирање на овошје и зеленчук, преработка на млеко и производство на млечни производи, производство на леб, печива, во свежа состојба, преработка на тутун.

Во прилог на тутунското производство и преработка на тутунот е веќе сериозната најава за изградба на капацитети за складирање и преработка на тутун, во непосредна близина на Могила, што ќе овозможи дополнителни вработувања.

Како податок кој може да го апострофира значењето на општината Могила, во врска со нејзините стопански потенцијали, наведувам цитати од списанието "Економски магазин", основач Стопанска комора на Македонија број 137 од 15.12.1998 година.

Претставникот на Светската банка во Македонија, госпоѓа Хелен Голнштајн, кон крајот на 1998 година, во Стопанската комора на Македонија ги објави оценките на оваа значајна светска институција, за досегашните нејзини проекти во нашата

земја, како и плановите за наредниот тригодишен период. Еве што вели: “треба да ги блокираме потенцијалите во земјоделскиот и агробизнис пазарот.

За да се остварат горе наведените активности, еден од првите чекори, како предуслов, што го направи локалната самоуправа, од нејзиното постоење 1997 година до денес, а во период пред 1990 година изостануваше и претставуваше голема пречка, е решавањето на инфраструктурната, комунална сообраќајна мрежа, како што е водовод, телефон, електрична енергија, локална патна мрежа итн. Ваквата социоекономска размена политика на општина Могила овозможи во локалната самоуправа да може да продолжи во наредниот период. Дури може слободно да се каже и позасилено, само со понатамошното опстојување на истата.

Могила денес како општински центар, но и останатите населени места од општината, од типично рурални селски населби до пред 1997 година, денес прераснуваат во урбани средини кои беа карактеристични само за градските центри. Ова се карактеристиките на општината Могила, блискоста до критериумите и оправданоста на нејзиното понатамошно постоење како општина односно оправданоста на селото Могила и понатаму да биде општински центар на новата општина, без оглед како ќе изгледа.

И на крајот почжитувани пратеници, да бидеш, реков, во опозиција на пратеник во ова време е несомнено поголема одговорност, одговорност која бара исклучителен ангажман, посветеност и најбитно решавање со сопствена глава, по сопствено убедување. Повторувам сега ние како народни избраници не треба да гласаме по партиска директива, наредба, или по диктат, туку треба само да го пренесеме гласот на народот, гласот на избирачите од изборните единици, од кои сме дошле, оние луѓе кои ни го дале мандатот, оние луѓе кои треба да ги претставуваме.

Јас почитувани пратеници ќе завршам со оваа општина и си го земам правото да дискутирам и за следните општини Кукуречани, Бач, Старавина, Добрушево и Бистрица.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има реплика господинот  Хусеинџеват Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Со задоволство го ислушав колегата. Тој направи една апологија на постоечката општинска состојба и дека оваа состојба треба да продолжи, наброи

неколку села и жители кои се многу задоволни затоа што имаат осветлени патишта и решиле неколку нивни урбанистички проблеми. Заборави да ни каже од каде им се средствата за осветлување на тие села и заборави да каже за 8 години колку индустриски објекти се изградија во овие села, за да може тие сами да опстојат. Јас можам да го кажам спротивното дека многу општински населби во западна Македонија се измамени и сакаат да се вратат и да бидат дел од урбанистичките центри, затоа што за жал, таму ниту патиштата се осветлени ниту се решил некој друг проблем. Ова е волјата на граѓаните.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За контра реплика се јавува г. Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Сакам да кажам дека најголемата грешка е што ги донесовме селата во градовите и ги уништивме. Кој како сака нека мисли, селото претставува главен извор на живот, главен извор за храна. Со тоа натаму ќе опстанува и државата. Вие како сакате мислете, но ако нема села нема ни држава.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

продолжуваме со расправа.

Има збор господинот Илија Китаноски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Почитувана госпоѓо потпретседателке, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

На почетокот на мојата дискусија по оваа, би рекол многу деликатна и многу актуелна тема во Република Македонија, би сакал да спорам односно да разбијам една теза што и предлагачот, Владата на Република Македонија, а и колегите од владеачкото мнозинство ја промовираа и ја форсираа, дека законот за нова територијална поделба на општините на Република Македонија е дел од пакетот закони за децентрализација, што формално се согласувам. Меѓутоа, суштински, апсолутно, темата децентрализација и апликацијата на Македонија во Европската унија, како еден од условите за децентрализација, апсолутно не е поврзано со донесување на нов закон за територијална поделба, бидејќи самата дефиниција и самиот поим децентрализација на власта, апсолутно може да се примени дури и со

постојниот закон за територијална поделба на општините во Република Македонија, со тоа што, можеби тоа е и најпогодната варијанта затоа што сите овие тези и сите дискусии кои се појавија за опстанок или за укинување на поодделни општини, ќе можат да се проверат во пракса, на лице место, во еден релативно краток период од година или две, па после тоа би можело да се оди со закон за нова територијална поделба што би произлегувал од практичните емпириски искуства на останатите закони од пакетот за децентрализација. Мислам дека не треба да се апсолутизира оваа работа, ако законот за нова територијална поделба не се донесе, дека тоа е кочење на процесот на децентрализација. Апсолутно сметам дека тоа не е така.

Инаку на почетокот на мојата дискусија сакам да истакнам дека после месец и пол, отприлика време од објавувањето на текстот на законот за нова територијална поделба на Република Македонија, после месец и пол време во кое навистина видовме еден изблик на референдумско изјаснување, би рекол еден изблик на референдумско изјаснување, би рекол еден изблик на непосредна демократија на граѓаните, можам да истакнам дека целокупната моја дискусија ќе се темели токму на резултатите од овие референдуми кои се спроведоа во  преку 30 општини во Република Македонија и на кои преку 200 илјади граѓани на Република Македонија се изјаснија експлицитно против вака предложениот закон за територијална поделба од страна на Владата на Република Македонија. Значи масовно изјаснување во сите овие општини кои ги организираа референдумите, со преку 90% изјаснување за останување на овие општини во рамките на постојните граници, односно тоа значи, тоа е една огромна бројка на граѓани на Република Македонија кои во старт го отфрлаа ваквиот предлог на новиот закон за територијална поделба на Република Македонија.

Еден од тие референдуми беше и во Кичево, град и општина од која доаѓам каде преку 60% од граѓаните излегоа на референдумот и од нив 98,3% се определија Кичево да остане во рамките на постојните граници кои сега ги има општина Кичево, а тоа е градот Кичево, значи неговата урбана зона и плус пет населени места кои практично се непосредно споени со градот и кон кои во иднина урбано градот треба да се проширува. Овој масовен одзив на граѓаните од сите етникуми во општина Кичево, ми дава за право овде да настапам со една издржана и на факти заснована, но и искрена дискусија за она што граѓаните на Кичево го забележуваат на овој Предлог закон за територијална поделба односно што масовно го искажаа на референдумот одржан во Кичево, каде, без разлика на нивната

етничка припадност, со исклужок на определени бојкоти од страна на делови од албанската етничка заедница.
Буквално сите останати граѓани на Кичево масовно излегоа и го дадоа својот глас за опстојување на градот Кичево, како посебна општина заедно со уште петте населени места, кои што се, навистина, и територијално и по секаков друг принцип многу блиску и поврзани со градот Кичево, а и сите научни дискусии, за кои бевме сведоци и можевме да ги следиме во изминатиов период, укажуваат на тоа дека на градовите кои што се посебни општини, треба да им бидат додадени и оние населени места кон кои што природно градот се шири и гравитира, за да може да се обезбеди на тој град како посебна урбана целина еден негов и урбанистички развој во таа смисла.

Она што како генерален принцип провејува во законот за територијалната поделба во Република Македонија на општините во Република Македонија, е фактот дека со оглед на бројот на општините и со оглед на самите општини кои што фигурираат во самиот текст на Предлогот за донесување на закон е дека навистина предлагачот, Владата се обидува или наметнува еден принцип на поделба на тие општини во Република Македонија на урбани и рурални. Мислам дека тоа е во ред и дека е во согласност со сите европски тенденции.

Она што како факт понатаму во разработката на понатамошниот текст, посебно во определувањето на границите збунува или става сенка врз овој принцип кој предлагачот експлицитно го ставил како оснвоа на својот закон е дека тој принцип практично во голем број на општини, во голем дел од територијата на Република Македонија, апсолутно не се применува. Значи, самата Влада како предлагач отстапува од принципот кој што во самиот концепт на законот го наметнува или претендира да го примени, а тоа е принципот, за кој кажав, дека е и европски прифатен, а и од сите авторитети кои нешто значат на полето на локалната самоуправа во Република Македонија е ставен како приоритет дека во секоја држава потребно е да се разграничат општините кои што се рурални од оние општини кои што се урбани односно кои што претставуваат градски целини.

А најеклатантен тука е случајот со отстапувањето во однос на градовите или општините Кичево и Струга, каде што со новата територијална поделба, односно со новиот предлог практично сите населени места и сите општини се припојвуаат во околината на општина Кичево или на градот Кичево и се формира една мастодонска општина со огромна територија, со преку 82 населени места и практично тоа е едно од поголемите отстапувања од она што го нарекуваме принцип на поделба на општините на рурални и урбани. Ако тој принцип не го, бидејќи може да се каже дека

не е тој принцип вграден во законот, ако не бил вграден, тогаш во суштина би требало Предлог-законот да содржи 33 до 34 општини, колку што има градски населби во Република Македонија. Факт е дека тоа не е така односно дека Предлог-законот содржи заедно со градот Скопје преку 70 општини и значи дека Владата во овој сегмент е апсолутно непринципиелна кон основниот принцип, кој што си го поставила при концепирање на овој важен закон.

Истото се случува и во општина Струга, истото се случува и во општина Дебар и индикативно е навистина тоа што оваа појава и оваа ситуација ја имаме токму во општините во западниот дел на државата, во Западна Македонија како географски термин. Навистина, луѓето кои живеат во овие општини, во овие краишта нема што друго да помислат, нема на што друго да им асоцира овој предлог, освен на тоа дека, бидејќи кога се нарушува еден принцип што е зацртан во законот, тоа значи дека постојат некои други повисоки принципи, а тие во овој случај се исклучиво етнички, исклучиво националистички и исклучиво со дневно политичка позадина на договор на коалиционите партнери во власта.

Мислам дека едно вакво круцијално прашање, не би можело и не би смеело и мислам дека никој не може да си дозволи, вакво прашање да биде решавано во тесни собири на округли маси или да биде дел од функционирањето на владината коалиција, затоа што, сепак, се работи за закон кој што ќе има далекусежни последици, позитивни или негативни врз сите граѓани на Република Македонија, бидејќи сите се согласуваме дека најважните работи, најважните функции, кои човекот како индивидуа ги остварува, сепак, се во рамките на локалната единица во која што живее, во која што работи, во која што го изградил својот дом, своето семејство, кое што ги школува и ги расне своите деца и во кое што има намера и понатаму да живее и да опстојува без никакви понатамошни пречки, посебно, пречки кои што би биле создавани со една вештачка наметната територијална поделба, посебно во општините Кичево и Струга, каде што на еден неприроден, на еден вештачки начин, без никаков објективен, географкси, економски, финансиски, социолошки, историски, културен или било каков критериум, вештачки се додаваат, се анектираат општините Зајас, Осломеј, Другово и Вранешница. Тоа се прави, без притоа да се води сметка дека сите тие четири општини вкупно, значи не зборувам од етнички аспект, сите тие четири општини вкупно имаат повеќе жители отколку самиот град Кичево. Значи, утре доаѓаме во ситуација градоначалникот на градот Кичево и локалната власт на градот Кичево, кој што е посебна економска,

географска, социолошка, историска, културна и урбана целина, сепак, го бираат граѓаните кои не живеат во тој град како урбан центар.

Она што исто така е индикативно е дека токму приклучувајќи ги овие општини кон градовите Кичево и Струга, за жал, се формира една линија на поделба, не на локална територијална поделба, на разграничување, меѓутоа, линија која што може да биде сфатена и сосема поинаку, посебно ако се има предвид дека таа линија буквално коинцидира со линијата на поделба на Македонија во 1941 година од страна на Хитлер и Мусолини. Значи, имаме ситуација каде што во таа поделба во 1941 година Македонија е поделена на два дела, со тоа што делот кој што го окупирала Италија, административната власт е препуштена на Албанија односно нивните сојузници, а делот кој што го имала Германија, на Бугарија. Дека е ова така и дека во свеста на луѓето и граѓаните на Кичево навистина тоа не е многу далечно минато и не е некој период кој што сеуште постојат живи луѓе што се сеќаваат на тие настани, а за жал или за среќа сеуште постојат на линијата на таа поделба во мојот крај италијанските бункери и бугарските мостови, каде што постоела таа граница и каде што Македонија, територијата на Македонија била поделена на овој начин помеѓу фашистичките окупатори. Тоа можеби може да биде само коинциденција, меѓутоа, ако се земат предвид последните настани од 2001 година кога во Република Македонија имавме оружен конфликт и кога за среќа со заслуга на сите граѓани на општината Кичево и Струга, тој воен конфликт ги одмина овие краишта, сепак, имаше планови, наредби од страна на воениот командант на тогашната ОНА, господинот Али Ахмети за воени акции и интервенции во Кичево, Струга и Дебар, кои што не се реализираа. Ако сите овие работи се земат предвид, навистина, станува дискутабилно прашањето на намерата и принципот од кои што се раководела Владата при донесвуање односно при определување на границите на територијалната поделба идните општини во Република Македонија.

Кичево како град е со долговековна историја. Првите спомнувања или првите пишани документи за Кичево како средновековен град датираат уште од далечниот 11 век, од 1018 година кога во една повелба од императорот Василиј Втори се спомнува градот Кичево како Кицавис и понатаму во целиот тој период на средниот век до денешен ден градот Кичево живеел, опстојувал и постоел како посебна целина, која што самата негова историја покажува дека тој како град, како локална заедница има многу поголем историјат и многу е едноставно постар и од самата држава Република Македонија и од самата претходна заедничка бивша држава СФРЈ. Постар е и од Отоманската Империја, постар е и, според некои пишани

документи, од Римската Империја. Можеби ќе ми биде забележано дека премногу се оди station наназад во историјата, меѓутоа, сепак, сакам на овој начин да аргументирам една теза дека останувањето на општината Кичево во сегашните граници како посебна урбана целина, има длабоки корени, корени кои што се однесуваат на еден посебен начин на живеење, тоа е живеење во една градска урбана средина. Тоа е еден од главните аргументи, кој што треба да се земе предвид при понатамошното дообликување и се надевам измена на текстот на овој закон кој што ќе го добиеме во конечна верзија набрзо.

Би се вратил на принципот на поделба на урбани и рурални општини, барем мој впечаток е дека Владата односно предлагачот се трудел да го воспостави, меѓутоа, апсолутно не се држел до него, барем не на овие примери што досега ги кажав. Опстојувњето и на општините Осломеј, Зајас, Другово и Вранешница во изминатиот период го покажа нивниот економски развој во изминатите осум години, ја покажа оправданоста од постоењето на тие општини како посебни локални единици. Тоа е период во кој што, според сите објективни критериуми, според сите факти, а и според она што со голо око може да се види и да се забележи, е период на враќање на животот во тие рурални општини, период на нивни развој не само во инфраструктурен поглед, туку и во сите други аспекти на живеење на граѓаните во тие општини. Нормално, највидливи се тие процеси во инфраструктурата, каде што буквално тие општини добија асвалтирани патишта, улично осветлување, добија училишта, добија општински згради. Според она што како капацитет го поседуваат, посебно општините Осломеј и Зајас, па и општина Другово, навистина, не може да стане збор за нивно укинување од аспект на принципот за нивна финансиска недоволност односно за самостојно егзистирање од економски или од финансиски принцип. Тоа е факт и мислам дека и појдовните критеируми во образложението на законот кои се напишани од страна на Владата, сите овие општини апсолутно ги задоволуваат и по бројот на жители и по бројот на жители во центарот кон кои што гравитираат околните населени места и по инфраструктурата, а исто така и по економските капацитгети кои што се во рамките на нивните општини, па и по сите оние други економски финансиски критериуми кои општините би требало да ги исполнуваат, за да бидат едноставно оставени понатаму да ја добијат својата шанса, да ја докажат потребата од своето постоење во идниот период.

Она што е тука индикативно е тоа дека со припојувањето на овие општини со овој предлог на закон на вештачки начин според ниеден објективен критериум, се менува и етничкиот состав на населението во општина Кичево, кој што сооднос што

постои денес во општината Кичево и градот Кичево, е резултат на еден нормално, еволутивен процес на природен прираст на доселување на население од различни етнички групи и кој што природен процес апсолутно никој не сака да го оспори, ниту може да го запре, ниту има намера на било кој начин да делува на тоа. Меѓутоа, со едно вештачко припојување на огромни рурални општини, зборувам огромни и по економски капацитети и по број на жители, кои се со сосема различна етничка структура, навистина, на овој начин, без нималку претерување, во општините Кичево и Струга се фрлаат буквално етнички бомби, кои што не знам кому во овој момент му се потребни и дали Владата има концепт и начин како со проблемите кои што понатаму би се јавувале генерирани од повеќе причини меѓу кои и оваа, би се справила или би можела да се справи.

Она што како Кичевчанец сакам да го потенцирам се резултатите од две работи. Прво, резултатите од референдумот, кој што се одржа во општина Кичево и кој што, за мене како граѓанин на Кичево и како пратеник на тие граѓани кои што ме избрале, се обврзувачки, а јас мислам дека ќе бидат обврзувачки и за вас, колеги пратеници и за извршната власт и за Владата, затоа што, навистина, со едно огромно мнозинство граѓаните на Кичево го искажаа својот став дека сакаат општината Кичево да опстане во постојните граници.

Друго е прашањето дали некоја друга или постојна општина сака да се припојува кон Кичево, тоа е прашање кое што не го третира ниту Европската повелба за локална самоуправа, ниту било кој друг закон од оваа сфера. Тоа е така затоа што, членто 5 од Европската повелба за локална самоуправа се однесува на промена на границите, на постојните граници на општинте како што е наложено со член 5 од оваа Повелба дека при евентуална промена на границите на локалните единици, треба задолжителна консултација со населението, со локалните власти преку директни форми. Најбојективна и најдемократска, ќе се сложите, е формата на непосредно изјаснување на граѓаните односно на нивно референдумско изјаснување.

Затоа сметам дека овие дилеми кои што се јавуваат во јавноста и кои што мислам дека власта ги наметнува, а во стварност не се дилеми е тоа дали овие референдуми се обврзувачки за Владата или не. Можеби од формално-правен аспект гледано и може Владата да се држи до тоа дека не се обврзувачки, меѓутоа и од тој аспект и од формално-правен ќе цитирам дел од образложението на законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, во кој што предлагачот е истиот Владата на РМ, само што тука е друго министерство, Министерството за

финансии. Во образложението зошто треба да се донесе законот за финансирање на единиците за локална самоуправа, кажува дословно вака: Дека РМ со потпишување на Европската повелба за локална самоуправа, а посебно со нејзината Ратификација во Парламентот на РМ во 1997 година, Европската Повелба стана дел од правниот поредок на РМ. Таа не може да се коментира или д ане се применува. Тоа е буквало од збор до збор. Она што Владата на РМ како предлагач на еден од овие системски закони го констатира, во така да кажам во Преамбулата , во образложението на Законот за финансирање на локалната самоуправа и сметам дека ако ништо друго треба да се држи до она што до она самата таа Влада го рекла и тоа во пишан документ и сметам апсолутно со право тоа го рекла и го кажала., затоа што без разлика дали таа одредба и на кој начин е вградена во законот за локална самоуправа, или во законот за територијална поделба, самата Ратификација на Европската Повелба значи апослутно нејзина безусловна примена, а со тоа богами и на член 5, кој што вели дека задолжителна е консултацијата на локалното население при промената на границите.

Факт е дека локалното население односно еден огромен број на општини и еден неверојатно голем процент на население од тие општини, преку 95% се изјаснило против промена на тие граници. Самиот тој факт Владата ја става во ситуација да нема друг избор освен да го примениона што самата си го задала и го запишала во еден од законите и што нормално е еден од условите на патот на нашата држава, на РМ во Европските интеграции.

Втората рабтоа што посебно ми остави впечаток е многубројните средби со граѓаните на Кичево во изминатиот период, месец и повеќе денови. Нивните согледувања, нивните коментари, средби со луѓето од различна етничка припадност, од различна партиска припадност, Кичевчани кои што навистина еднодушни се во оценката и во својот став. Едноставно тие се вчудоневидени дали навистина некој сериозно тоа го мисли што го има предложено Владата во Предлогот на законот за територијална поделба односно припојување на огромни рурални општини кон Градот Кичево со штопрактично и самиот Град како посебн аурбана средина буквално ќе добие сосема друг карактер, а не карактер на локална урбана единица. Нивната зачуденост практично е тоа зошто некои општини кои ги исполнуваат сит еобјективни економски, географски, финансикси и секакви други критериуми за нивно постоење би сакале да се припојат кон една градска општина која што во изминатиот период, имаме за тоа примери, можеби не конкретно за општина Кичево, меѓутоа сигурно и таа во тој дел, каде што во ситуација ког аимавме огромни

општини, во овој случај Кичево би имало 82 населени места, навистина дали е тоа процес на децентрализација или е процес на централизација на власта, без разлика дали е таа локално или централна. Факт е дека локалните органи на една таква гломазна општина ќе бидат многу, многу понедостапни за граѓаните. Локалната демократија во една таква гломазна општина ќе биде многу,многу подалечна за сите граѓани отколку што е тоа случајот со сегашната територијална поделба.

Она штоисто така посебно ги загрижува граѓаните на Кичево е тоа што во повеќе медиуми преструјуваат информации полуофицијални или неофицијални од овој извор, од оној извор дека буквално Кичево ќе оди курбан за Струга. Мислам дека една таква констатација посебно во последните денови е навистина, буквално да кажам, црна топ тема во Градот Кичево меѓу граѓанит еи навистина луѓето се прашуваат дали некој знае тие како граѓани на Кичево како се чувствуваат кога ќе чујат, ќе прочитаат, ќе слушнат полуофицијални или неофицијални, меѓутоа сепак информации дека некој го дал нивниот Град за курбан односно за жртва која се пренесува на Бога. Дали некој се обидува да изигрува Бог или некои прерогативи сака да преземе од некоја виша сила. Мислам дека во воојслучај ниту Владата, ниту пак ние колеги пратеници како парламентарци немаме ниту човечка храброст, доблест да превземеме такви судбински решенија и да изигруваме виШа сила односно да ги решаваме судбините на луѓето не во смисла на политика, на гола политика, на политичка определба, не во смисла на тоа кои ќе победи на локалните избори, не во смисла на тоа кој ќе биде градоначалник туку буквално во смисла на тоа дали и како тие ќе гопродолжат својот живот на татковите, на дедовите огништа и дали едноставно во еден момент нивнито свет којшто го граделе во текот на целокупниот свој живот наеднаш се срушува со една ваква непромислена одлука. Јас навистина ги разбирам лукето затоа што тешко е да се прифати нешто што за нив едноставнозначи свршен чин, за нив значи иселување од родните огништа, еден процес кој што навистина објективно гледано не би требало да се случува, без разлика дали идниот градоначалник на Кичево, Струга, Дебар, или некој друг град ќе биде македонец, албанец, турчин или друга националност, меѓутоа фактите и искуството , емпиријата на тие луѓе им зборува дека во оние општиникаде што имаме мешан етнички состав, а имаме локална власт или градоначалникот е албанец, дек аимаме масовно иселување на македонците од тие простори, и обратно во оние општини каде што исто така има мешан етнички состав, а имаме локална власт или градоначалникот е македонец напротив бројот на албанското

население не само што не се намалува туку се зголемвуа. Тоа е еден нормален природен прираст, дали е природен дали е со доселување, меѓутоа и тоа се смета за една нормална еволутивна работа која што апослутно е прифатлива.

Она што ми е поента во целокупното досегашно излагање е да не бидеме погрешно разбрани и да немаме реплики во стилот вие сте националисти илизборувате од етнички концепт и принцип.

Повторно повторувам, она што гокажав досега се темели на објективни критериуми кои што се од економска, од географска, од социјална, од историска, од културна и од секаква друга природа.

Предлогот кој што се дава посебно за Кичево е со етничка, со политичка, со националистичка заднина. Тоа одговорно го тврдам.

Никој нема против и тоа е факт дека етничкиот состав на градовите, посебно на тие микро средини, на помалите градови е една жива материја, тој се менува во текот на одредени периоди на историјата и апсолутно никој нема против тоа дека во одреден период во градот Кичево можеби од етнички аспект гледано ќе биде доминантно албанското население. Меѓутоа тоа апсолутно никого не загрижува. Она на што се противат граѓаните на Кичево е тоа што во овој момент со припојување на руралните општини на 80 и повеќе села кон Градот практично одлуката за понатамошниот развиток, за понатамошното живеење, за понатамошната егзистенција на Градот како посебна урбана , економска, географска, специјална , историска целина нема да ја донесуваат граѓаните на Градот Кичево туку граѓаните на околните села кои што гравитираат кон Кичево и одат таму само на Пазар еднаш неделно, или ни толку. Тоа е она што навистина загрижува и тоа е оној принцип за кој што сакам посебно да се осврнам.

Она што исто така во разговорите со граѓаните го забележав и морам да го пренесам е дека во Градот Кичево меѓуетничките односи, етничкиот соживот е на завидно ниво, можеби на нивно на кое што и во екот на најголемите судири за време кризата 2001 година меѓуетничките односи навистина имаа едно ниво кое што во овој момент го нема и во поранешните кризни региони, гледам дека и сеуште се кризни региони.

Она што исто така би требало да биде аргумент плус за опстојување на општина Кичево е дека не се бара да опстои сегашната општина Кичево како моноетничка заедница. Сегашната општина Кичево според структурата, етничката структура на своите граѓани е буквално една мала пресликана слика на РМ каде што околу 60% од населението се етнички македонци, околу 27% се етнички албанци,

турци и роми околу по 4% и останатото отпаѓа на другите помали етнички заедници присутни во Градот Кичево.

Исто така би сакал во оваа прилика во евентуалните ставови за и против овој мој став или за и против Предлогот на Владата за припојување на овие рурални општини кон Градот Кичево е еден аргумент на кој што би можеле и се повикуваат предлагачите и дел од оние кои што го подржуваат овој предлог. Тоа е дека постоењето на општина Кичево до 1996 година, која што ги опфаќаше сегашните општини Другово, Вранешница, Зајас и Осломеј, меѓутоа тоа е сепак период, релативнократок период од 30-тина години. Тој период не е од 1945 или 1905 година, туку буквално од 1965 година кога тие општини во еден сосема поинаков општествен систем во бившата држава беа структуиранникако посебни општествено економски заедници, така се нарекуваа, какошто се нарекуваа и тогашните краини. Значи буквално беа мали држави во држави и имаа сосема поинаква улога. Сигурно најмалку беа локална самоуправа и сигурно најмалку беа блиску до граѓаните и до нивните потреби.

Исто така ако се тргне и од природно географски аспект навистина нема никаква смисла спојувањето на сите овие општини со Градот Кичево затоа што Кичевијата заедно со Поречието е еден географски регион кој што буквално од Стража допира во еден лак до самите граници на Градот Скопје до Драчево и опфаќа општини кои што на овој или оној начин, тука спаѓаат и општините Македонски Брод, Самоков, Пласница и т.н. и ако се оди на една природна географска целина тогаш и тие се дел од таа природна географска целина , од Кичевско Поречката Котлина и Долина.

Она што исто така сакам да го потенцирам во оваа прилика е тоа што во последно време е наводно противењето или несложувањето на жителите, граѓанит ена општините Зајас и Осломеј да опстојат како самостојни општини. Морам да кажам дека тој став е од еден понов период, можеби последните два месеци , затоа што ќе се повикам овде иако не е овде присутен господинот Мехмети на една негова изјава дадена, мислам есеноска беше во медиумите, дека во сосема друг контекст и друга прилика кажано, меѓутоа дека тој се обидува да ги разубеди своите сограѓани во општините Зајас и Осломеј да не бараат да постојат како посебни општини, туку дека за нив е најдобро да бараат да се припојат кон општина Кичево. Мислам дека самото тоа, а тоа е факт, тоа интервју за тоа што господинот Ахмети го кажал, самото тоа покажува дека природниот став и природното тежнение на граѓаните, на населението кој што имале своја сопствена општина, живееле таа општина еден

навистина забрзан развој, имале свој став и дека немало потреба да ги убедува, или ако имало потреба да ги убедува значи тие имале едно сосема поинакво размислвуање од него.

Ќе повторам дека ако навистина овој Предлог на закон со оваа територијална карта помине навистина ќе предизивика огромно незадоволствокај граѓаните на општина Кичево, па и кај граѓаните на општина Другово и другите општини кои исто така сакаат да гизадржат постојните општини. Значи буквално повторно ќе кажам, не зборуваме од етнички принцип, не зборуваме од тоа дека треба кон Градот Кичево да се припојат само општините со доминантно макеоднско население, а не и општините со албанско население , туку напротив кон Градот Кичево нема потреба и неприродно е да се припојуваат овие општини коишто го најдоа својот пат и својот развој во изминатите 8 години. Тоа е факт, тоа се бројки, тоа се објекти кои што се гледаат на секој чекор. Ние можеме да дискутираме за тоа. Можеме да го спориме тоа , меѓутоа тие се факти што се гледаат со голо око и затоа нема потреба од посебниелаборати. Можеме да зборуваме, можеме да спориме, можеме и полемики и реплики и контра реплики меѓутоа факт е дека во Зајас општинската зграда е подобра и поголема и по убава од таа во Кичево. Исто така создавањто на ваква мамутска општина, евентуалното создавање може да создаде ситуација на влошување на меѓуетничките односи. Ова е навистина една констатација која што лично мене ме загрижува затоа штојас живеам таму и имам намера и понатаму да живеам таму, а не е ниту прогноза , ниту пак желба , напротив само е еден вид кажување односно дали и кому навистина му треба на овој начин да создава етничка нетрпеливост, создава во најмала рака заладување на тие навистина на завидно ниво меѓуетнички односи посебно меѓу македонците и албанците во Градот Кичево.

И кој е тој што вон понатамошниот период си зема за обврска дека навистина ќе може да го исконтролира и однесувањето и сваќањето на луѓето затоа што факт е дека она што го кажав е навистина она што искрено мислат граѓаните на Кичево. Ние можеме да зборуваме, да ги убедуваме дека тоа немора да биде така итн. Она што тие интимно го мислат е сепак резултат на нивното емпириско искуство и навистина треба многу енергија, многу напор за да граѓаните на Кичево се разубедат дека овој проект нема никаква друга позадина, нема етничка, нема националистичка и нема намера да создаде етничка предоминација од еден етнос на друг. Значи, без разлика на тоа што ние мислиме како пратнеици и без разлика на тоа што дали сме од позицијата или од опозицијата, дали сме македонци по етничко потекло, или албанци, навистина мора она што ќе го кажеме да биде резултат , навистина да

извира од ставовите на граѓаните кои што ги претставуваме, кои што не избрале и кои што сепак очекуваат. Она што од стручен аспект би сакал да го потенцирам, иако не се сметам себеси за некој голем стручњак од темата на локалната самоуправа е тоа дека навистина еден респективен број на професори универзитетски, на луѓе кои навистина се докажани познавачи на материјата од сверата на локалната самоурпава, од сверата на децентрализацијата го имаат искажано во разни пригоди во овие изминати два месеци својот став и навистина во оваа прилика би сакал да парафразирам дел од нивните ставови, нивните искажувања, како искажувања на луѓе кои што се навистина, компетентни, луѓе кои што имаат увид и во европските искуства од оваа област и од имплементацијата на тие искуства на теренот на нашата држава Република Македонија  и од имплементацијата досегашна на Законот за територијална поделба, кој што сега е во сила, а беше донесен во 1996 година.

Повторно ќе се вратам на истата теза дека апсолутно зголемувањето или намалувањето на бројот на општините не значи поголема децентрализација на власта и обратно и тоа апсолутно е докажано со редица компеcheckативни споредби, примери со други европски земји, со земјите од развиената западна демократија, а исто така и со земјите од т.н. бивш источен блок, или од југоисточна Европа кои се на чекор, или се веќе во членството на ЕУ.

Значи, главната теза дека градовите како урбани целини, треба да останат посебни општини и најмногу заради заштита на руралните општини, затоа што припојувањето нивон кон градовите би значело она што во Република Македонија  го имавме во периодот до 1996 година, буквално одумирање на селото, буквално изумирање на македонската провинција и едноставно, преголема концентрација на граѓаните во градските населени места и ситуација каде што верувам дека сите колеги и луѓето кои што се блиски до оваа тема професионална ориентација, го делат истото мислење . Значи, градовите треба да останат во оние граници во кои што постојат и сега, со евентуално нивно приклучување на нив на неколку населени места кои што претставуваат практично прв прстен на  населени места околу градското јадро, за да на тој начин се овозможи и урбан развој на градот во еден подолг временски период во иднината. За тоа дека спомнав пред малку почитуваните професори кои ги спомнувам во позитивна комотација, меѓутоа, да не ги прозиваме посебно, во повеќе наврати одржаа неколку трибини во Република Македонија  од кои што една беше во Кичево и навистина, од нивните искажувања би сакал да извлечам неколку консеквенци, кои се битни и кои што мислам ако веќе

не се почитува мислењето и ставот на нас пратнеиците, затоа што сме од опозицијата, тогаш добро би било да се земе предвид да се почитува мислењето и ставот на луѓето кои што се признати и познати стручнаци во Република Македонија од оваа свера.

Она што посебно ми остави импресија е дека градовите и градот Кичево и на почеток на мојата дискусија кажав како посебно локални градски заедници, со посебни свои градски обележја постоеле и постојат и пред постоењето на државите, пред постоењето на Република Македонија пред бившата СФРЈ, пред Отоманската империја, па дури и пред Римското царство. Зар само тоа не е доволен факт, тие како локални заедници кои што со векови се граделе на овој или на оној начин треба да најдат свое место и да опстојат како посебни локални заедници со посебни белези, коио си ги формирале самите во текот на долговековната историја.

Кога сме кај тој факт, би сакал за градот од кај што доаѓам накратко го кажам како еден од аргументите за негово посебно опстојување во посебна општина, неговиот долг историјат низ вековите, неговото долговековно постоење во историјата како град Кичево, или во античко време како Ускана. Првите жители на просторот Кичево биле Пенестите чиј главен град Устана бил некаде во околината на Кичево. За прв пат римскиот историчар Титливие за Ускана пишува дека бил недалеку од Лихнидос и два дена одење од Стубера, а град со име Устана во близина на денешно Кичево споменува и Страбон. Градот Ускана се споменува и во врска и со војувањата на последниот македонски крал Персиј со римјаните во 169 година пред нашата ера, он за жал до денешен ден точната локација на Ускана сеуште не е утврдена, иако според д-р Јован Трифуновски во тоа време овој дел на Македонија биле уште градовите Драодак и Оениј, за кои се мисли дека Ускана било Кичево, Драодек бил кај Гостивар а Оенеј кај Тетово. Ускана како антички град е разрушен со пропаста на Римската империја, а на неговите остатоци е подигнат градот Кичево.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега навистина мислам дека сте надвор од темата бидејќи историјата на Кичево за која што јас ја почитувам и ценам , можеби е и од палеолитот, но нема никаков контекст и врска со територијалната поделба. Јас би ве замолил, затоа што ние имаме заедничко соопштение овдека договорено, каде што сметам дека и треба да го почитуваме. Вие можете да зборувате два или три часа, меѓутоа ќе направите проблем на вашите други колеги пратеници да си го искажат своето мислење, а

посебно што тоа го кажавте, јас не бев тука но слушав го кажавте историјатот на градот. Но јас само сакам да ве замолам .

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Господине претседателе мислам дека на почетокот кажав дека ова е во прилог на тезата на опстојувањето на градот Кичево, како посебна урбана целина, како град.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Историјата сепак да ја ставиме за друг пат, бидејќи и Стоби бил некогаш голем град, па никој не бара да биде општина. Ве молам, ако сакате продолжете, но ве молам внимавајте на времето бидејќи имаме еден начин, еден фер договор.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Градот Кичево е стар средновековен град, кој што како што кажав за прв пат бил спомнат во пвоелбата на кралот Василиј втори во 1018 година како Пицавис, како населба во составот на охридската архиепископија, тогашна. Под тоа име се спомнува и во списите на Ѓорѓи Акрполис во 1257 година. Подоцна турскиот патописец Хаџикалфа го споменува во 1706 година како Фирчова или Фирчево, за потоа да го запишуваат како Кирчево, додека од времето на султан Селим трети иам име Крчава или Кричева. Во народот се задржа името Кичаа, односно Кичево, кое име според академикот проф.д-р Петар Илиевски дошло од зборот “кривина” за разлика од други автори кои мислат дека градот го добил името според зборот “крчење” , односно сечење и чистење на шумата за да се отворат обработливи површини.

Исто така постои и легенда за името на градот Кичево дека него го подигнал македонскиот крал Крали Марко, во спомен на сестраму Кита и од тоа останало само калето кое што до ден денес го носи името Китино кале, а како средновековен град , практично Китиното кале го сочинува средновековниот град Кичево опкружен со три заштитни ѕидови.

Во текот на средновековната историја, факт е дека повеќе патеписци и историчари и лвадетели го спомнуваат како средновековен град. Во 1385 година се претпоставува дека дефинитивно подпатднал под османлиска власт кога Симуртин Паша го освоил и Прилеп и Битола заедно со Кичево. Во 1443 година, Кичево како стратегиски центар имал 204 семејства од кои 13 муслимански.

Податоците за градот Кичево од овие подоцнежни векови се сепоoскудни и Кичево се спомнува уште еднаш во 1798 година, во ферманот на султанот Селим трети, а се спомнува и од страна на Вук Караџиќ во српскиот речник 1852 година и на картата на Хан во 1867 година кое е назначено како Кричево.

Во текот на отоманската власт, Кичево како град ја делело судбината на другите градови средновековни во Република Македонија , претставувало поголем гарнизонски центар на турската империја и од овој крај сеуште во почетокот на ајдутсвото и комитството познат е по многу ајдучки чети, кои што во време на пред и по Илинденското востание се познати комитските чети на кичевските војводи Крсте Алексоски-Копачки, Наќе Лашчанчето, Арсо Мицков, Дуко Тасев и Јордан Пиперката.

Во Кичево и кичевско учетелствувале истакнати македонски преродбеници, револуционери и тоа е приод пред и по Илинденското востание, посебно пред Илинденското востание Кичево бил центар на  една од поголемите буни, односно востанија од пред Илинденскиот период, тоа е Брсјачката буна, на чие чело бил Илија Делија од село Мало Илино, а негов заменик Ангеле Панасков од село Цер, Кичевско.

Во илинденскиот период, градот Кичево и кичевско активно земаат учество, бидејќи биле дел од Битолскиот  револуционерен округ во кој што Илинденското востание имало и најголем ефект и во тој период навистина се познати многу акции на комитските чети, а за градот Кичево, а за  началството на градот Кичево бил задолжен Лука Џеров . Оваа историска рефлексија сакам да ја завршам со последните историски пголеми настани од втората светска војна кога кичевските револуционерни традиции , а дел заради тие револуционерни кичевски традиции во 1943 година на планината Лопушник во близина на Кичево било целото воено и партиско раководство на НОВ и партизанските одреди на Македонија. Таму била и првата печатница. Формиран е и првиот одред, Кичевско-Мавровскиот партизански одред , Во близина делувал и работел во рамките на печатницата и на партизанската база, прочуениот македонски поет и основоположник на современата македонска литература и поезија Коста Солев Рацин.

Она што навистина, треба да се спомне и навистина е во контекст на темата и точката е дека градот Кичево е првиот ослободен град во Македонија во втората светска војна и градот во кој што за прв пат е формирана народно ослободителна власт.

Кичево исто така, покрај ова прво негово ослободување на 11 септември 1943 година, по италијанската капитулација е ослободуван и завземен уште пет пати. Кај

Кичево е водена и првата фронтална борба на НОВ и партизанските одреди на Македонија со непријателските сили кај селото Кленоец .

Во Кичево и кичевско, во одбрана на првиот ослободен град и на првата народно ослободителна власт на планината Буковиќ е загината младинската чета на народниот херој , комесарто на четата Мирко Милески .

Во Кичево во селото Подвис, во истиот тој период за прв е започнато првото основно училиште на мајчин македонски јазик во Македонија. И ако навистина, за многу градови и многу општини, може да се каже дека имаат своја историја, има градови кои што и самите се историја, а сигурно Кичево е еден од тие.

Почитувани колеги, никогаш како денес и никогаш толку многу не се почуствувала потребата од чесни луѓе и чесен однос кон дедовците и татковината, кон потомците и генерациите и никогаш како сега и никој друг како нас не се нашол пред такво искушение да одлучува за судбината на оние кои ќе останат со неизвесна иднина како што и никој друг не се дрзнал толку многу па самиот да си го присвои некакво неприродно право во името на некоја измислена коалиција да му го одземе некому правото да остане свој на своето огниште, бидејќи правото на слободен животен простор и слободна волја не само што се двата први и исконски, туку двата универзални закони на животот и живеењето.Но, ние сега имаме историска шанса да ја направиме и таа цивилизациска грешка по што ќе станеме единствената земја која самата си ги избркала своите луѓе од родните огништа. Малку ли ни е тоа што дозволуваме народи без историја да ни се мешаат и да ни ја кројат нашата историја, мала ли грешка ни е тоа што имаме погрешен однос кон своите сонародници кои поради едни, или други причини се разбегале и сеуште се разбегуваат по светот, кој ваму, кој таму. И ајде сега уште прифаќајќи и погрешна политика да ја направиме и најголемата грешка, а тоа е да го доуништиме она што ни преостана. Дозволивме народот да ни западне во беда и безнадежност, да не знаеме кој и како ни ги контролира териториите, да се пука на сите страни. Но, се прашува ли некој што ќе прават оние 400.000 без работа, се прашува ли некој како една волку сиромашна и мала земја ќе финансира три државни универзитети. И ако вака продолжиме, повеќе ќе нема потреба да се поставува прашањето каква ќе ни биде иднината, туку дали воопшто нас ќе не биде во таа иднина. Се прашувам и самиот како што се прашуваат и многу други освен оние што не доведуваат до ова, затоа што некому можеби токму тоа му треба, нели е веќе крајно време да се слушне и гласот на сопствената совест, барем на оние што ја имаат, а тој глас веќе ечи, макар што изгледа тој глас не го слушаат токму тие што треба да го слушнат. Нели е време да

погледнеме малку и зад себе и околу себе, а не само пред себе и нели е време да застанеме пред огледалото на вистината и да се потсетиме на она исконското дека гревот само со грев се плаќа и дека животот на крајот ни го враќа и дава само она што ние сме им го дале и подариле на другите. Така зборуваме ние луѓето, затоа што така не учи искуството и такво проклество останало од бога за нелуѓето. Најпосле доста се прашуваме што ни се случува, туку зошто сето ова ни се случува иако досега сите ние сме се прашувале зошто нам некој тоа ни го направил во историјата да не дозволиме утре нашите деца да се прашуваат зошто ова некој нив им го направил.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Фазли Велиу вие имате реплика. Повелете 3 минути.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници, понатаму ќе се јавам за говор, меѓутоа ме предизвика мојот сограѓанин да му поставам прашање во врска со тоа што го постави како теза. Тој се ослонува на историјата и самиот паѓа од испитот, затоа што вели дека градот Кичево е постар и од самата држава Македонија и вели дека Кичево постоело и пред римско време. Меѓутоа, не го споменува илирското време кога овој град се нарекувал Ускана. Зошто ја спомнува оваа историја и на кого ова му служи?

Второ, ја споменува 1941 година кога овој град бил поделен на два дела, на италијански дел кој што наводно ја поддржувал Албанија која што често пати се нарекува Голема Албанија и не било така и вториот германски дел кој што исто така имал други претензии, меѓутоа се разбира нацифашистички. Меѓутоа, за овој период тој не го спомнува придонесот што го дале и македонците и албанците за самото ослободување на овој град и војната која што ја воделе против нацифашистичката коалиција. И зборува еднострано за историјата. Зошто го прави ова, треба самиот да одговори.

Трето, вели дека слично со оваа војна се водела и војната од 2001 година кога често пати го спомнува Али Ахмети дека наводно бил со единствена цел поделба на овој град кога сите знаат дека тој е за обединување на овој град и за обединување и соживот на граѓаните во овој град и осведочен е во таа насока во земјава и надвор. И во контекст на ова често пати ги спомнува зборовите дека некој сака да игра улога на господ и мисли на оваа коалиција на СДСМ и ДУИ со главните претставници кои што наводно биле во улога на господ. Меѓутоа, самото негово појавување, претставување беше над овие двајца и тој сакаше да ја игра улогата на бог. Тој се

изразува во смисол дека треба да се направи референдум со цел да се дојде до намерата на граѓаните. Меѓутоа, самиот заборава дека граѓаните кои што живеат во Кичево изразиле добра волја на соживот во сите периоди и што се однесува на иселувањето, иселувањето се случувало од страна на албанци во Турција, додека македонците живееле и живеат тука.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Незнам за една минута дали ќе можам навистина да одговорам на сите прашања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе морате, знаете историјата е тешка, долга. Историјата е 2000 години, за една минута се разбира дека неможете да одговорите.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Околу она што господинот Велиу го спомна за Римското време, мислам дека тука апсолутно нема спор. Јас воопшто не спомнав кој живеел на тие простори, за тоа сигурно има померодавни и од мене и од него кои ќе кажат кои биле тие племиња и тн. Зборував за градот и за неговата особеност дека уште тогаш постоел и дека секое припојување на населени рурални места кон него не е добро и не е природно, без разлика од кого се тие населени и од кого е населен во овој момент градот Кичево, односно неговата етничка структура.

Што се однесува до Втората светска војна, исто така мислам дека никаде посебно не спомнав дали и на кој начин албанците учествувале, или не учествувале во борбата против..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Китановски. Толку беше една минута.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Претседателе, па нема смисла, 15 прашања ми поставуваат, а неможам да одговорам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе имате вие уште 15 реплики, ќе имате време да одговорите.

За реплика се јави господинот Агим Џелили.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван колега, во врска со овој предлог закон вие спомнувате или асоцирате на поделбата од 1941 година од страна на Хитлер и Мусолини. Меѓутоа, кога ги спомнувате овие имиња заборавате да ја спомнете и поделбата на Македонија од страна на некои академици во 2001 година. Затоа предлогот за

градот Струга и Кичево е само израз на интересот на граѓаните, на нивната волја за да се интегрираат во еден град со сите граѓански елементи, а не граѓани кои што ќе бидат оставени на страна и да бидат од прв, или втор ред. Мислам дека овие времиња поминале.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Повторно, она што го кажав за асоцијацијата на настаните од Втората светска војна, тоа се факти кои што едноставно со споредба на картата на поделбата на Македонија од тоа време и сегашната територијална поделба коинцидираат. И тоа се факти. Тоа можеме да го коментираме, да го спориме, меѓутоа самата споредба ќе покаже дека е така. А навраќањето на актуелни настани на тоа што господинот Џелили ја спомна Македонската академија, па некои поделби, мислам дека апсолутно за тоа воопшто  ниту јас нешто кажав, ниту асоцирав, така што не чувствувам воопшто потреба во тој дел ниту да му одговорам. Едноставно за делот за кој што тој упати реплика мислам дека и репликата едноставно го потврдув она што јас го кажав. Значи, факт е дека таа линија на поделба е истата од времето што во 1941 година ја направиле Хитлер и Мусолини и тоа е така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави Зоран Шапуриќ

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван господине министер, за некој овој закон може не е најдиректно поврзан со децентрализацијата на власта, но сепак, имајќи ја предвид самата суштина на децентрализацијата на власта која значи пренесување на огромен број на надлежности од централната на локалната власт, сепак овој закон има голема важност и голема поврзаност со самиот процес на децентрализацијата на власта. И самиот процес на децентрализацијата на власта за кој што ќе кажам дека е навистина процес, а не некој еднократен чин, неможе да се спроведе без овој закон, тоа е евидентно. Несомнено дека општината е предегзистентна во однос на државата. Но, почитувани колеги со појава на општината, државата започнува да влијае односно да ја креира општината, па дури и општинските граници односно територијата на општината. Но, сепак се разбира државата треба да има слух дека општината мора да биде и треба да биде реална социолошка заедница и државата мора да води сметка за тоа. Познати се бројни критериуми врз база на кои се определуваат општинските граници, односно врз база на кои се врши  територијална организација. Јас само некои од нив, некои од најбитните би ги набројал во оваа прилика како што се

историските, културните, социолошките, економските, демографските, релјефно географските, просторно урбаните, инфраструктурните и тн. Но, би сакал да кажам дека сите овие критериуми неможат да се гледаат изолирано, туку во нивната взаемност и поврзаност и во нивната хиерархиска поставеност. Ова поради тоа бидејќи ако се гледаат изолирано некои критериуми, можеме да се доведеме до апсурди. За жал некои од претходните дискутанти ги пренагласуваа само едните критериуми, запоставувајќи ги останатите. Како илустрација на пример ако го земеме само историскиот критериум, а ги запоставиме другите критериуми, општина Галичник која била повеќе децении општина би требала да биде и понатаму општина, иако е речиси и без жители. Друг е случајот на пример кај општината Вевчани каде што историскиот критериум би можел да има, да речеме и пресудно влијание врз фактот дали оваа општина треба да биде, или не треба да биде општина. Но, во секој случај толку за историјата. Немам намера да држам предавања по историја како што слушавме досега. Би се задржал на другите критериуми и другите битни работи поврзани со реорганизацијата на општинските граници.

Инаку дилемата мала, или голема општина е стара колку и самата општина. Таа е присутна насекаде во светот, бидејќи навистина не е лесно, односно многу е тешко да се најде еден оптимален сооднос на овие критериуми. Оваа дилема почитувани пратеници е присутна во Република Македонија не само денес, таа е присутна од 1945 година па наваму. И во потрага по оптимална општина, односно по оптимална големина и организација на општинските граници извршени се повеќе од 20 реорганизации на територијалната поставеност односно промена на општинските граници во последните 50 и нешто години.

Да се потсетиме почитувани колеги, само на последната територијална поделба од 1996 година кога се водеше бурна расправа и овде во Парламентот, но и во јавноста, можеби слична и пожестока отколку што се води денеска. Тогаш, многумина реагираа и укажуваа дека постоењето на 123 општини ќе значи уништување на националното ткиво, поделба на Македонија, разнебитување и тн. Но, истите тие денеска се залагаат за задржување на статус кво на овие 123 општини. Ако ги погледнеме изданијата на дневниот печат од она време од периодот од август до ноември 1996 година ќе ги видиме ставовите на сите политички партии, ќе ги видиме залагањата и тогаш можеме да коментираме доколку се покаже потреба од тоа во понатамошниот тек од дискусијата, ќе го илустрирам тоа и ќе ги цитирам изјавите на одделните политички субјекти околу оваа територијална

поделба. Но, исто така, неколку пратнеици од опозицијата укажуваа дека не треба да се менуваат општински граници, дека потребно е задржување на 123 општини. Но, само би потсетил дека пред три години, значи во времето на Владата, коалиционата влада помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА постоеја предлози каде што новите општински граници беа прекроени на тој начин што предвидуваа постоење од 80 до 90 општини во различни варијанти. Значи, и тогаш беа залагањата спротивни на овие 123 општини. И јас не можам инаку да го сватам, неможам да го сватам тоа како еволуција на некој став, отколку како еден политички маркетинг.

Меѓутоа, почитувани колеги, би нагласил само накратко, дека во Европа постојат повеќе видови на системи на локална самоуправа во поглед на општински граници. Постојат некои земји, точно е тоа, кои што имаат релативно мали општини како на пример Франција, Шпанија, Италија и тн. Но, да се потсетиме дека во овие држави на кои често пати некои се повикуваат, постои не само двостепена, туку тростепена локална самоуправа, значи општина, округ, регион и тн. Исто така, во овие земји не постои монотипна општина, туку постои политипна општина што значи различни видови на општини имаат различни надлежности, односно малите општини имаат помали надлежности, поголемите имаат поголеми надлежности, руралните општини имаат едни надлежности, урбаните други надлежности. исто така, во некои од нив постојат дури и општини таканаречени парохии кои што и немаат некои општински органи, туку едноставно одредени минимални функции ги вршат со избор на раководство на собир, на парохиски собир каде што учествувааст 50 до 100 граѓани. Значи, компарацијата со овој тип на мали општини навистина неможе да држи.

Во некои други земји, како што се Холандија, Данска, Норвешка, Белгија и др., сега не би ги набројувал, но доколку некој сака јас сум подготвен да им дадам и конкретни податоци, постои друг систем на локална самоуправа во поглед на територијалните граници, односно во поглед на големината на општините. Но, морам да напоменеме дека и во овие земји постои двостепена локална самоуправа и постои не монотипна, туку политипна локална самоуправа, а познато е дека согласно нашиот Устав, согласно Законот за локална самоуправа, системот на локална самоуправа во Република Македонија е монотипен, што значи еднакви надлежности за сите видови на општини. Друго е прашањето дали во иднина, во некое подалечно или пблиско време не треба да се размислува за промена, меѓутоа имајќи ја предвид важноста на процесот на децентрализацијата на власта која е еден од најбитните услови за апликација во Европската унија, се разбира не и

единствен, ние навистина брзо би требало да пристапиме кон целосниот систем на реформа на локалната самоуправа и трансфер на надлежности од централната на локалната власт.

Овој процес кај нас се врши во една мошне динамична фаза, после 13 години застој, и навистина немаме многу време, меѓутоа, немаме и друг избор. Јас би напоменал дека тие реформи на општинските граници во некои земји, кои веќе ги напомнав, се извршени, но се вршат и понатаму. Во која смисла? Во смисла на окрупнување на општините. Зошто? Затоа што во Европа постојано е присутен процес на трансфер на надлежностите. Покрај тоа што овие земји се децентрализирани, државата постојано пренесува нови и нови надлежности на општините. Меѓутоа, тоа бара една моќна поголема општина.

Јас би напоменал дека пред 10-тина години во Данска бројот на општините е намален од 1.400 на 270. Исто така, во Норвешка, една земја со 5,5 милиони жители, но со една огромна површина, пред 15 години тројно е намален бројот на општините. Во Холандија постојано се намалува бројот на општините. Сега имаме 449 општини, а пред 15 години бројот на општините беше преку 1.000. Меѓутоа, Холандија и понатаму тежнее да го намали бројот на општините, значи да ги окрупни, да ги направи помоќни во економска и во било која друга смисла. Познати се искуствата од овие земји. Немојте да мислите дека во овие земји не постоеа отпори од општините. Секаде во сите земји промена на општинските граници и намалување, односно елиминацијата на некои општини, значи и отпор, некаде посилен, некаде помал, пред се на локалните власти, а некаде и на населението. Денес просечна данска општина има околу 20.000 жители, просечна холандска општина има 30.000 жители, а норвешка општина има преку 15.000 жители, со тоа што мораме да напоменеме дека површината на Норвешка е огромна и тн., да не илустрирам во интерес на времето со примери на многу други земји.

Денес сме соочени со оваа поделба и тоа е наша реалност. Повторно ќе се запрашаме дали е потребна нова реорганизација на територијалната поделба, односно на организација на општинските граници? Да, и тоа не само заради укажување на меѓународната заедница и Рамковниот договор, каде јасно стои дека е стрикна обврска за утврдување на новите општински граници и таму стои дека оваа обврска ќе биде спроведена од страна на Парламентот или пак доколку не се спроведе од македонските органи, со таканаречени олеснувачи и тн. Ние треба да процениме дали можеме сами да го направиме ова, тоа е добро да го направиме со еден поширок консензус ии пак ни треба мешање од надвор.

Зошто е потребно окрупнување на општините? Новите надлежности кои ни се добро познати, бидејќи еден добар дел од закони кои ја вршат операционализацијата на Законот за локална самоуправа и уставните одредби, во прва или во втора фаза поминаа и нам ни е јасно кои обврски и одговорности треба да ги прземат општините на крајот на 2004 година или евентуално на почетокот на 2005 година по спроведување на локалните избори и конституирање на новите локални органи. Не би повторувал дека ова е повторно условено од карактерот на локалната самоуправа, но и од едностепениот карактер на локалната самоуправа.

Самата расправа, почитувани колеги пратеници, по Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа однонсо за финансирање на општините покажа, а уште повеќе ќе покажат анализите, кои очекувам дека Министерството за финансии и Министерството за локална самоуправа ќе ги дадат, дека тешко можат да опстанат лилипутанските општини. Навистина ќе биде тешко или невозможно. Впрочем, да ви кажам дека за постоење на општините во најголем број земји, меѓудругото постои и критериумот број на жители. Тоа е случајот со Словенија и Бугарија, каде се предвидуваат 4.000 - 5.000 жители, но секаде постои критериум минимален број на жители. Се разбира, тој не е исклучив, меѓутоа, нависитна тој постои.

Во самата расправа се напоменуваше дека една земја како што е Република Словенија има голем број на општини со слично население и слична големина на територија, односно слична површина. Меѓутоа, јас би ги потсетил тие што на тоа се повикуваат дека или незнаат или се прават дека незнаат, или забораваат дека токму тој пример на кој се повикуваат ги негира нивните тези. Зошто? Затоа што во Словенија постојат навистина строги и прецизни критериуми. Таму постои поделба на рурални и урбани општини. За да се биде урбана општина, потребен е критериумот минимум 20.000 жители, а за руралната општина се потребни освен миналниот број на жители и безброј, условно кажано, критериуми во поглед на инфраструктура, културните домови, основните училишта, градинки, телекмуникациските центри, здравствените услуги и тн. Ако ги примениме овие критериуми, тогаш верувам дека бројот би бил и помал од ова што го предлага Министерството за локална самоуправа. Затоа, со оваа паралела сакам да укажам дека применувајќи ги светските и европските искуства, мораме да ги гледаме и нашите прилики.

Постапката за новата територијална организација, разбирливо како што кажав, предизвика и предизвикува еден огромен интерес во јавноста. Се водеа бројни консултации меѓу Владата, министерствата, заедницата на единиците на локалната самоуправа, беа одржани повеќе јавни трибини, а и медиумите, мораме да бидеме искрени, беа препоплнети и препралевени со овие настани. Исто така, како што е познато, беа водени и некои разговори меѓуниверзитет политичките субјети и тоа на релација позиција - опозиција. Затоа, дискусиите на некои колеги дискутанти не можат да држат, дека овој процес беше воден нетранспарентно и во некои тесни кругови, бидејќи сакајќи или несакајќи имаме веќе четири месеци навистина широка јавна расправа, во која се вклучени огромен број субјекти. Но, исто така, по првото читање на овој закон, исто така, ќе се организира втора јавна расправа и ќе се изнесат овие аргументи, некои повторно, можеби некои нови аргументи и тн., но во секој случај не можеме да кажеме дека овој процес се врши набрзина, нетранспарентно, со некои задни намери и тн., тоа навистина не држи, затоа што во повеќе наврати од страна на ова министерство и другите министерства, од страна на Владата на Република Македонија е кажано дека сериозно ќе се проучат резултатите од референдумот. Иако е сосема јасно дека согласно Европската повелба за локалната самоуправа, референдумот има консултативен карактер и тоа е децидно наведено во Европската повелба. Беше побарано и толкување од Советот на Европа, беше добиен и одговор, каде е кажано дека референдумот има консултативен карактер. Но, би напомнал дека во Повелбата стои консултација со граѓаните, што не мора да значи исклучиво со референдум, туку може и со собири, консултации, јавни анкети и тн., што значи постојат повеќе облици согласно оваа Европска повелба, на која често пати милуваме да се повикаме за консултација на локалното население.

Исто така, сметам дека треба да се анализираат резултатите на овој референдум и онаму каде што има основ, простор и можност да се разгледаат и уважат некои забелешки, бидејќи ова е прва фаза и затоа постојат две фази. Не може да се каже ако се усвои ова и ова, бидејќи првата фаза значи утврдувањето на потребата од донесување на овие закони и на основните принципи.

Во врска со референдумот би кажал дека, за мене, не треба секогаш да се апсолутизираат резултатите од референдумот и тоа не е можно. Зошто? Затоа што ако одиме во вакви крајности, можно е повторно да се доведеме до апсурд. Тоа ќе го илустрирам, почитувани колеги, со конкретен пример. Што би се случило на пример ако 10.000 жители од населбата Капиштец се одлучат за референдум и

кажат ние сакаме да бидеме посебна општина, ние не сакаме да бидеме во состав на општина Центар, ние сакаме да бидеме општина со сите решени инфраструктурни проблеми, ние сме општина каде има два трговски центри, голем број продавници, фирми, голем број вработени и тн., ќе собираме персонален данок. Немаме некои комунални инфраструктурни проблеми. Тогаш таа општина би била најбогата во Европа. Тоа може да се случи и со дел од населбата Аеродром околу Трговскиот центар и тн. Значи, навистина би се довеле до некои апсурди, ако во секој дел или во секој кварт се организира референдум и да бараме тоа да биде прифатено. На тоа јасно и гласно да се укаже, затоа што се друго претставува навистина гол маркетинг.

Затоа, сакам да укажам дека треба да се проценат сите желби на граѓаните, меѓутоа, апсолутно почитување и апсолутно задоволство од овој закон, тоа не може да се случи, затоа што невозможно е при било каква нова територијална поделба или територијална организација да бидат сите задоволни, ниту во другите земји кои ги напоменав дека задоволни сите општини и сите граѓани.

Сакам да кажам дека очекувам во втората фаза Министерството за локална самоуправа да поведе една јасна и посилна кампања, за да им се објасни на граѓаните уште појасно преку една навистина широка, целосна и комплексна кампања, пред се, што значи и заради која цел се врши децентрализацијата на власта. Дека децентрализацијата на власта и новата територијална поделба не се вршат исклучиво заради барањето на меѓународната заедница, иако тоа е еден од битните услови и отворено мора да и објасниме на јавноста за приближување на Република Македонија кон евроатланските интеграции. Мораме јасно да им кажеме дека малите општини можат да значат неможност за извршување на новите надлежности, и обратно од оние претходни дискутанти кои рекоа дека претстои, ако се прифати ваква и во оваа смисла територијална поделба, тоа ќе значи еден ретрограден процес на централизација, дека тие наводи не се точни, бидејќи малите општини можат да се доведат до тоа да не можат да ги извршуваат своите надлежности и да имаме повторен процес на преземање на тие надлежности од страна на државата, па да се загрози целиот процес на децентрализација на власта. Затоа, тоа треба отворено да им се каже и објасни на граѓаните дека целата реформа на системот на локална самоуправа која се спроведена во сите земји во транзиција веќе одамна, таа треба да се спроведе, но дека треба да се спроведува, пред се, во интерес на самите граѓани, бидејќи самите институции на општинската власт кои се многу поблиски до граѓаните ќе можат многу подобро да ги решаваат

сите нивни проблеми, отколку министерствата или нивните подрачни единици од повеќе причини, а една од тие причини е бидејќи тие органи ќе им одговараат директно на нив и можат да вршат постојана и мнгу подобра комуникација со оние органи кои ги решаваат нивните потреби и интереси.

Во оваа смисла, мислам дека навистина нема потреба од некоја нервоза. На крајот би констатирал дека да се сослушаат сите аргументи, треба да се разгледаат сите аргументи, сепак ова е прва фаза, но на некои рабоити треба јасно да се укаже и јасно да се образложат причините што може и што не може и зошто може, а зошто не може.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Шапуриќ несвесно кажа еден пример кој сакам овде да го потенцирам, а тоа дека се дава пример од минатото и тоа едностранi примери, тогаш се вознемируваат особено младите генерации, кои не живеат во минатото.

Вие спомнавте дека Галичник била општина. Мојата сопруга од Галичник тоа не го знаеше и сега како да и објаснам дека Галичник не може да биде општина. Затоа, ве молам лоши примери од минатото, посебно едностранi со едностранi информации да не давате.

Има реплика госпоѓата Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господинот Шапуриќ с еобидуваше да ја докаже оправданоста од ваквиот предложен закон за територијална поделба, па меѓудругото се повика и на Рамковниот договор. Овде ви сакала да го потсетам дека во Глава ИИИ од Рамковниот договор, каде што се зборува за развојот на децентрализираната власт, во став 3 точка 2 се вели дека “во рок од една година по завршувањето на новиот попис кој под меѓународен надзор ќе биде спроведен до крајот на 2001 година, ќе бидат ревидирани општинските граници. Ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти”.

Господине Шапуриќ, вие заборавивте да кажете дека локалните власти никој не ги праша, ниту пак тие учествуваа во оваа територијална поделба. За тоа јасно зборуваат и референдумите кои се одржаа во локалните самоуправи. Значи, еднострано го толкувате Рамковниот договор, онака како што ви одговара. Во самиот Рамковен договор не се дефинира дали треба да има намалување или зголемување на бројот на општините и не се вели врз основа на резултатите од

пописот, туку по неговото завршување. Значи, тезата за намалување на општините не може да ја црпите од Рамковниот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контрареплика за господинот Шапуриќ една минута.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Вие во вашето излагање токму ја потврдивте мојата теза дека навистина е потребна ревизија. Ревизија значи промена. Добро кажавте дека тоа значи намалување или зголемување. Меѕутоа, јас кажав дека новите огромни надлежности, да не ги набројуваме бидејќи зборуваме за нив веќе неколку месеци, значат една посилна и помоќна општина. Оттаму, навистина е потребно окрупнувањето на општините.

Инаку, претстои втора фаза, престои јавна расправа, но претстоеја безброј разговори меѓу Владата на Република Македонија и Министерството за локална самоуправа со ЗЕЛС, каде што дел од ставовите беа усогласени, дел не беа. Впрочем, и овие ставови на Постојаниот комитет на ЗЕЛС укажуваат дека тие преговори се во тек, така што локалните власти беа консултирани и овие референдуми исто така ги организираат самите општини, што навистина е нивно право. Меѓутоа, секаде во светот колешке Бонева, немам време да ви ги наведам примерите, основната комуникација меѓу локалната и централната власт се врши токму преку асоцијациите на локалната самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ванчо Стаменков, вие барате реплика, повелете, три минути.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Мојата реплика на г-динот Шапуриќ се однесува токму на она на кое што е заснована целата дискусија дека окрупнувањето се врши поради тоа што општините нема да можат да ги извршуваат надлежностите со новиот закон за локална самоуправа. Бидејќи се даваат нови големи надлежности на општините тие мора да окрупнат за да можат едноставно да ги извршуваат надлежностите што им се доделени. Тие не ќе можат да ги извршуваат овие надлежности затоа што ќе немаат економска моќ односно финансии за оваа работа.

Ова е сосема погрешно, според мене, бидејќи законот за финансии кој што беше во Парламентот покажува нешто сосема друго. Законот за финансирање на општините покажува мала финансиска самостојност на општините, односно сите овие надлежности што се додаваат како нови со новиот закон за локална самоуправа, тоа е образованието, социјалната заштита, здравството, урбанистичкото планирање, ќе се финансираат од државната каса, односно со блок дотации. Така да нема никаква основа да се спомнува економска моќ на општините кога едноставно сето ова ќе биде ргулирано преку државната дотација. Да, можеме да разговараме, за финансиска моќ на општините, но да направиме закон за финансирање кој што едноставно ќе значи самостојност на општините, во овој дел. Ние, криејќи се за децентрализацијата всушност не даваме ништо во оваа насока на општините туку сакаме да извршиме една нова територијална реорганизација односно нова територијална поделба. Многу малку самостојност им се дава на општините, многу малку им се дава планирајќи го сопствениот развој во наредниот период да покажат колку граѓаните едноставно се способни во таа општина, колку нивните локални раководители се способни да се развиваат.

И, не се согласувам со Рамковниот договор дека во него овој закон е вграден и мора да се донесе. Точно е дека треба да се ревидираат границите, но тоа значи дека одредени населени места од општините треба да припаднат во одредена друга општина каде што природно припаѓаат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стаменков.

Една минута г-дине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Дел од надлежностите ќе мора општините од сопствени извори да ги финансираат, тоа е една работа. Од друга страна пак, почитуван колега, децентрализацијата на власта бар во овој момент не смее да значи воведување на нови давачки. Значи од постојните извори на приходи мора да се изврши дисстрибуција, финансиска дисстрибуција помеѓу локалната и централната власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски вие имате три минути, добро ја гледам раката.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро, ама доаѓа интерпелација, претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Водете малку ред.

На мојот почитуван колега г-дин Шапуриќ, а и пријател, би обрнал едно внимание, мислам дека суштествено што треба да се потенцира е тоа да не мешаме што е децентрализација со територијалната поделба. Мислам дека ова е суштествено затоа што децентрализацијата ако сакавме ние да ја направиме, можевме да ја направиме на многу софистициран начин, оние надлежности што ги пренесовме на локалната самоуправа да им дадеме поголем извор на финансирање и поголема сигурност. По однос на тоа прашање.

Она другото што сакаме да го поврзаме во овој контекст дека не обврзува рамковниот договор, нема никаква допирна точка со рамковниот договор. Рамковниот договор децидно каж1ува дека треба да се врши ревидирање на општинските граници, што не значи дека треба да се направи нова територијална распределба.

По прашањето, за она што значи, го дискутирав и јас, дали е моментот и време да размислуваме за еднostепена, двостепена и тростепена локална самоуправа, мислам дека тоа е правото затоа што и овие 123 општини би биле малку, би направиле уште многу нови општини кои би биле функционални сигурно со пренесување на ингеренциите и со сигурни извори на финансирање.

Она суштествено што останува како прашање во Парламентот, зборувам сега за македонските политички партии, зашто се разликуваме и зашто овој дел десната стсрана е против левата страна, затоа што од чисти македонски општини правиме мешовити општини. Тука ние се разликуваме. Тука не сме единствени, затоа што ние велиме ако општина Струга биде чисто македонска или општина Кичево и сега ја правиме мешовита, односно доминантна албанска, тука е разликата, г-до. По ова прашање некој треба да одговори. Другото се финеси. Тоа мислам дека паѓа во втор план. Во овој контекст треба да се движат сите наши размислувања во делот на македонските политички партии. За албанските политички партии не коментирам бидејќи тука има консензус по тоа прашање. Нема никаква разлика. Ние македонците треба добро да размислиме, дали Кичево како чиста македонска општина и дали Струга како чиста македонска општина да биде сега доминантно албанско население. Тоа е мојот коментар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Една минута г-дине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Се работи очигледно за еден маркетинг, меѓутоа, ги прејудицирате границите бидејќи ова е прва фаза, а границите на општина Струга, Кичево и другите ќе бидат утврдени со конечниот текст на законот, меѓутоа, би потсетил дека Владата во која што партиципиравте и вие исто така инсистираше на намалување на бројот на општини, на 90. Погледнете ги стенограмите, погледнете ги материјалите од Владата, меѓутоа, исто така, погледнете ја вашата дискусија од 96 година. Постојат стенограми каде што тврдевте дека Република Македонија , ќе ги прочитаме утре, да ќе ги читаме каде што вие тврдите дека Република Македонија не може да опстане со 123 општини и дека тој број е навистина преголем. Незнам од каде оваа ваша еволуција во оваа смисла.

Исто така, ова што го кажавте за двостепена, Република Македонија има 2 милиона жители и околу 25 илјади километри квадратни, постои општ консензус и на политички субјекти дека нема потреба од второстепена локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, завршивме со реплики и контрареплики.

Господинот Чедомир Краљевски, повелете.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам, г-дин претседателе,

Сакам само да му напоменам на почитуваниот колега Шапуриќ да не се обидува да ја заобиколува вистината и да бара ко авторство на предложениот закон за триторијална поделба што сега го дебатираме и што го имаме пред нас, ко авторство и во партијата ВМРО ДПМНЕ бидејќи 1996 година партијата ВМРО - ДПМНЕ не учествувала во власта односно била вон институционална партија, тогаш, а пред три години како што кажа тој ако се воделе некакви разговори, тие разговори биле некакви првични разговори во врска со почетокот на процесите на децентрализација во Република Македонија. Така да и тука не може да се припише ко авторство на поднесениот денешен предлог на Закнот за територијална поделба.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика г-дин Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам, што ме почитувате сите, бидејќи така укажавте во вашите дискусии, и што ги почитувате моите искажувања кои сигурно предизвикаа интерес кај вас и дел од нив ги прифаќате, меѓутоа јас не барам ко авторство, туку постојат

навистина документи каде што 1990 година во кое што партиципираше односно доминираше ВМРО - ДПМНЕ се залагаше за оваа територијална поделба, а 1996 година точно е бевте вон парламентарна опозиција, меѓутоа постојат бројни расправи, трибини каде што е изнесен ставот дека бројот на општините, односно 123 општини претставуваат економска, национална и така натаму катастрофа. Подготвени сме утре, задутре, да ги прочитаме тие цитати на изјавите на претставниците на сите политички партии како и стенограмите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господин Србиновски имате три минути.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Госпоодин претседателе,

Она што го забележав, а го искажа г-дин Шапуриќ дека треба да се намалат општините, тоа нека си биде негово мислење. Се знае колку општини треба да бидат. Ние со 123, треба да имаме 145 општини, не 123 општини. Тоа е негово мислење, нека се задржи. Вика 1996. 1996 година какви беа општините, во каква состојба беа, а од 1996 година, какви се сега општините, во каква состојба се. Значи, ВМРО - ДПМНЕ направиле општини правилни. Ние ако сакаме развој на државата, развој на стопанството, општината основната клетка за развој на државата. Тоа треба да го имаме во предвид сите пратеници. Бидејќи историјата еден ден ќе не осуди ако ги намалиме овие општини.

Благодарма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дин Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Општините ги направија граѓаните, ниту ВМРО ДПМНЕ ниту СДСМ, ниту ЛДП. Сето тоа што се прави во општините се правеше најголем дел со парите на граѓаните, значи од нивните давачки, а еден добар дел и со донација од странство.

ЉУПЧО ПОПОВСКИ:

Мене една работа не ми е јасна.

Господинот Краљевски не бара ко авторство од 1996, а г-динот Србиновски бара ко авторство. Малку да се релаксираме.

Дали има уште некој реплика? (Нема).

Повелете г-дине Тасе Сулејмановски, а нека се подготви пратеникот Киро Дојчиновски.

ТАСИМ СУЛЕЈМАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, колеги пратеници, почитуван министре,

Дозволете ми на почетокот да го изразам револтот на населението од општина ростуше, Советот на општина Ростуше, градоначалникот и останатите структури што во предлогот за донесување на закон за територијална организација на Република Македонија е укината односно припоедна е општина Ростуше кон општина Маврови Анови. Причина за револт на населението не е во тоа што општина Маврови Анови останува општина туку од тоа што нашата општина згаснува односно се укинува, а ги задоволува сите критериуми за постоење.

Општина Ростуше има историја, има традиција, има географска целина солидна демографска структура и претставува посебна целина, со Центар во Ростуше кој ги има сите основни инфраструктурни објекти кои се потребни за еден центар: гимназија, здравствен дом, основно училиште, банка, ПТТ, месна канцеларија Биро за вработување бензиска пумпа, културен дом, десетици продавници, полициска станица и ред други објекти.

Се работи за општина која брои над 10 илјади жители, со оние луѓе кои не се попишани, бидејќи во периодот на пописот беа во странство, со цел да најдат работа. Инаку, на пописот во 2002 година општина Ростуше имаше 9451 жител, според Државниот завод за статистика а за подобро појаснување на неупатените општина Маврови Анови има 984 жители, и тој број е проблематичен.

Општина Ростуше беше меѓу оние пет општини кои беа номинирани уште во 1984 година и уште од тогаш ги исполнуваше тогашните критериуми заедно со Ново Село, Богданци, Пехчево и други.

Од економски аспект регистрирани се над 150 приватни фирми, како правни субјекти, што претставува доволен доказ дека општината има погодности финансиски да опстои. Како што спомнав, никој нема против општина Маврови Анови да се остане, но не на наш грб.

Наша цел е општина Ростуше да остане самостојна во рамките на нејзините граници согласно заклучоците на Советот на општина Ростуше кој закажа и одржа референдум на ден 4.01.2004 година. Применувајќи ја европската повелба за локална самоуправа и нагласувајќи член 5 од истата, населението да одлучи по пат на референдум за границите.

Инаку, одредени селски средини, со поголем број на жители, како село Скудриње кога би биле во составот на Маврови Анови, би биле оддалечени 45

километри, а општина Дебар им е на 9 километри. Согледувајќи ги овие показатели барам поддршка од пратениците и Владата односно ресорното министерство. Ова го велам затоа што вие знаете дека на 4 јануари, 2004 година граѓаните на општина Ростуше со право на глас, со 97,8 се изјаснија за опстанок на општина Ростуше.

Претходно кажаниот процент за општина Ростуше за мене е инператив да ја бранам волјата на општина Ростуше.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Сулејмановски.

Повелете г-дине Киро Дојчиновски, а нека се подготви доколку има време пратеникот Цветле Јаневска.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Деновиве парламентот влезе во првична расправа по многу значајни закони од сферата на децентрализацијата на власта, законски акти, еден со друг компатибилни и меѓусобно условени. Тоа и досегашната расправа го докажа.

Им припаѓам на оние што се обидуваат оваа работа да ја гледаат малку порелаксирано, без некакви ефекти кои наводно ја терминираат големата загриженост за судбината на земјата. Уште веднаш да го искажам своето мислење и да не беше Рамковнкот договор што досега честопати и го вртите во репликите наша обврска ќе беше да го физиономираме и да го финалилзираме овој сериозен дел од законодавството, истовремено и негово имплементирање во живо.

Ние тука во Македонија не ја измислуваме сега локалната самоуправа. И досега имавме повеќе модели на локална самоуправа уште од времето на Бивша Југославија и пред тоа, па потоа во времето на транзиционите години, се до овој денешниов модел. И, во целиот тој период, претходен, Македонија имаше повеќе помали или поголеми локални единици кои што успешно работеа, нормално и се трансформираа од време на време во зависно од нивната состојба. Нашата обврска, за пристап кон децентрализцијата не е ништо ново. На ова прашање Парламентот во минатото доста расправал и носел сериозни законски акти. Европската повелба која што често во расправите не обврзува е акт што важи како општ стандард, важност на модел за основните принципи и параметри врз кои се развива локалната самоуправа во секоја земја членка на Советот. Таа содржи обврски што секоја земја е должна да ги преземе и вгради во својот политички и правен систем.

Расправата за локалната самоуправа, за нејзината концепција и за нејзините решенија, за прв пат практично како што некој во претходните расправи кажа започна уште со процедурата за изработка и носењето на Уставот на Република Македонија, што се совпаѓа со почетокот на 1991година.

Првиот закон како што рековме е донесен 1995 година, а во 1996 година е донедсен е Законот за територијална поделба на Република Македонија на кои беа поднесени над 400 амандмани, што само по себе говори дека е водена сериозна расправа. Е, тука, сега јас и Шапуриќ сме сосема истомисленици бидејќи заедно ги гледавме одредени информативни средства, се сеќавам ги погледнав тие информативни средства, дали опозицијата и парламентарна и вонпарламентарна сметаше дека по секоја цена треба да се прифати предлогот на д-р Митко Панов, тогашен експерт со околу 70 општини, а СДСМ тогаш беше обвинета дека со предлогот со преголем број на општини сегашните во овој состав, ја распарчува Македонија. За среќа тоа не се случи.

Самиот факт што до почетокот до 2002 година, минатиот состав на парламентот по опстојна и долга расправа откако ги оцени сите аспекти што недостасуваа во смисол на она што беше претходно донесено го донесе најновиот закон за локалната самоуправа, но за чал другите пропратни законски акти што овие денови се на расправа останаа во фиока - фаза, минатиот 4 годишен односно пет годишен период. Тогаш, во тој закон, во овој закон, овој сегашниов што е на сила беше воспоставена и обврска дека треба да се донесе нов закон за територијалната организираност, да се донесе законот за финансирање и законот за градот Скопје.

Во сите расправи при претходното носење на овие законски решенија често можеше да се чуе дека се федерализира државата, ова пред се, од дел на македонските партии, од друга страна, дека се маргинализира позицијата на албанците со реакција дека ќе се формираат паралелни институции со политички мотив што се пренабрегнуваше ставот зза карактерот на институциите на локалната самоуправа неводејќи сметка дека карактерот на државните институции и нивното значење е сосема поинаков. Дека Владата ја скроила картите да ги добие следните избори, но за жал како што знаете тогаш ги изгуби по линија на тесно локални интереси на бирократските општински структури постоеја отпори со инсистирање да се издвојат одделни делови на населени места од составот на предложените општини иако за тоа непостоеја ниту законски ниту објективни услови. На пример случајот со Ѓорче Петров каде со лењир се делеа тезгите на пазариштата и сите значајни стопански објекти. За среќа сегашниот експертски тим на министерот се

обиде тоа да го надмине, но тоа е само до Владата, незнам како ќе заврши во конечната расправа. Тогаш беше потребна упорност и трпеливост за принципиелна одбрана на предложените ставови. Притоа се појавуваше често договорена гласачка солидарност притисната од локализмот и личните општински интереси.

Сега пак на некој начин се случува истото. И сега кога по втор пат правиме напори за заокружување на локалното законодавство, со обврска која веќе произлегува од донесениот закон за локална самоуправа, но од точно утврдените определби на Рамковниот договор, потребно е да се пристапи доста одговорно, содржински, со многу јасни ставови, да се напушти дневно политичката и маркетиншката постапка, да се види што нудат конкретните решенија и по нив да се расправа. Експертскиот тим на Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС, ако сакате и меѓународнит експерти, тоа го понудија и јас верувам дека тоа и ќе го имаат предвид и конечното утврдување на текстот.

Ние сега ја водиме првичната расправа, расправаме за она за што треба да укажеме и што треба да се земе во втората и во третата фаза.

Јас ќе се определам да го искоментирам односот кон предложениот закон за територијална поделба на локалната самоуправа на Република Македонија, без да спомнам ни Бранко Црвенковски ни Никола Груевски ни Али Ахмети ни други политичари. Ќе се обидам од оној аспект, како јас го гледам тоа прашање, без да му дадам нечии авторства.

Господинот Караџоски после ќе дојде овде или ќе земе реплика. Сега можам да го замолам да молчи, бидејќи е помлад, во крајна линија, заради почит.

Веднаш впечатливо е она што секој во него бара некаква федерализација, или уште повеќе растурање на државата. Овој закон често се кажува како закон за територијална поделба на Република Македонија. Зошто ваква определница, поделба. Зошто на тоа не му се даде вистинската вредност и содржина, зошто е толку атрактивно да се дава таква определница и место територијална поделба, зошто не се расправа за она што фактички е територијална организираност на локалната самоуправа. Некако делбите како повеќе да не интересираат отколку она што треба да го организираме.

Територијалната организираност на локалната самоуправа е процес во рамките на државата како единствена и недделива, суверена и меѓународно призната територија. Успеавме да одржиме еден заокружен државно - правен субјективитет, со силни чекоти кон НАТО и Европската унија. Тука ни недостасува тоа што наместо меѓи и граници повеќе треба да расправаме и да се даде оценка за

надлежностите на локалната самоуправа што таа ги добива и треба да ги побарува во рамките на одредена територија како држава, односно како да се организира локалната самоуправа на одредена поврзана територија, независно од тоа кој на неа живее.

Преку повелбата на локалната самоуправа, Советот на Европа настојува, а според компаративниот преглед на локалната самоуправа, во одделни земји членки во Советот, успева да постигне сличен модел и сличен дух на децентрализација и демократизација на дел од државните надлежности и јавните работи.

Првата постапка од која тргнува Европската повелба на локалната самоуправа е ставот дека учеството на граѓаните, во водењето на јавните расправи, се брзам затоа што Љупчо ќе ме прекине, е недемократски принцип кој важи за сите земји. Опасностите од поделби, пред се се условени и надминати со односот меѓу централната и локалната власт. Она што децентрализацијата принципиелно ги одликува централната и локалната власт, е карактерот на надлежностите, карактерот на средствата за нивно остварување и карактерот на средствата за нивно остварување и карактерот и капацитетот на локалната самоуправа. Станува збор за постоење на ексклузивна зона на надлежности која регулира круг на прашања што се исклужив домен на централната власт, како што се типично политичките и државните прашања. Значи станува збор за монополско право, како супериорен дел во системот на власта односно функционирањето на државата како правна држава. Овие права сами по себе се и заштитна мерка од секакви можни, во нечии глави, федерализации, растурање, парчосување и слично. Од друга страна локалната самоуправа природно ги има сите надлежности кои се поврзани со основните нивоа на задоволување на бројни потреби на граѓаните, од доменот на така наречените политички и јавни работи, комунални работи, урбанизмот, одделни нивоа на образование, суцијални грижи, екологојата, културата и слично. Сигурно е дека локалната самоуправа не може ниту да ги има, ниту да ги врши задачите поврзани со политичките и со државните функции во друга смисла на зборот. Општо кажано, двете власти имаат свои типични надлежности и функции. Во таа смисла, конечно непремостливата разлика и граница меѓу државната власт и локалната самоуправа, општината, се состои уште и во тоа што само првата, преку Парламентот, со Устав или со закон може да ја генерира втората, локалната, а не обратно. А таа втората, локалната, не може самата, ниту да се укинува, ниту да се проширува или умножува или спојува, ниту да се надградува во повисоки степени.

Оттука секакви небулозни сваќања за делби или префрлувања, не се можни,
или се можни, само од овој домен. Врз таа основа се гради и посебната позиција на граѓаните во локалната самоуправа, преку која тие го решаваат оној дел од јавните работи што е поврзан со нивните основни работи.

Прашањето пак во законот за територијалното организирање во државата каде се користи и особено се истакнува прашањето, дали и во која мерка локалната самоуправа, општината, може да биде инструмент на етничките заедници односно народности. Едното оди кон инсталирање, зоната на локалната самоуправа да биде зона во која одделни заедници ќе бидат еден вид територијални или политички самоуправи. Притоа, се заборава дека правата на локалната самоуправа, не се подразбираат  како права на колективитети, туку како индивидуални права, или како права на граѓанинот, што произлегуваат од регистерот на граѓанските права. Аналогно на тоа се заборава дека локалната самоуправа е дефинирана како една од зоните на структурите на граѓанското општество и на правната држава, а не како рамка и дел на традиционалното, национално колективистичко општество во кое државата би се јавувала како држава на граѓани. Народно кажано во локалната самоуправа целата инфраструктура, сите објекти, патишта, водоводи, училишта, здравство итн, што пред малку ги спомнав, се еднакво интересни и потребни за сите граѓани. Затоа не треба тука да се бара националното или колективитетот, туку граѓанинот како субјект кој ги користи тие права и потреби, независно на која територија се живее. Од овие причини, сите истакнати опасности, за тоа каква територија и состав ќе имаат новите општини, е помалку значајно од она какви надлежности ќе има општината и колку граѓаните ќе успеат тие надлежности да ги организираат. Исто толку значајно е дали новата општина ќе може да биде оспособена со институции кои успешно ќе ги решаваат новите надлежности, имајќи предвид дека и досега, голем број од општините, особено оние малите кои настанаа после 1996 година, ги немаат овие можности и права. Јас работев во општина која беше после 1996 година, во која немаше ниедно подрачно министерство и каде практично граѓаните не беа во состојба да ги решаваат своите права и беа приморани да одат во некоја друга општина, и тоа во градот Скопје. Ако тоа така се продолжи и понатаму и се мисли дека треба да сочуваме мали општини, без овие други надлежности и институции кои треба да се формираат внатре,  тогаш таквите општини ќе ги имаме, но граѓаните ќе ги немаат своите права, не ќе можат да ги остварат своите права. Во таа смисла имам и една сугестија. Имено можеби заборавивме на еден друг момент.

Многу мали општини во изминатите години, и пред 1996 година, многу успешно ги решаваа своите проблеми и преку месната самоуправа. Ние овој момент неа треба добро да ја разработиме и да дадеме шанса и во таквите средини да постои некаква институционална форма која ова прашање треба да го решава.

Меѓите, границите се доста добро истакнати во Законот за општините што е донесен во 2002 година. Тоа се природните граници ги спомнавте, реки, планински сртови итн. Меѓутоа не значи дека тука не треба да се извршат одредени корекции.

Што се однесува до одредени гранични меѓи предизвикани од потребите на верски или други културни и значајни објекти, ми се чини не треба да бидат услов за граници на општините. Ова е случајот со градот Скопје за кој покасно ќе зборуваме. Граѓаните на Скопје не треба да ги прават меѓите на општините во Скопје, на тоа каде се џамиите, или каде е Свети Спас, или каде е театарот или каде е стадионот. Ние граѓаните на Скопје своите права ќе ги оствaруваме на целото подрачје, независно од тоа каде ќе бидат тие и тоа не треба да биде услов за делење на општината.

Што се однесува пак, тука, за некакво заокружување на Старата Скопска Чаршија, таа е музеј под ведро небо. Неа не смееме да ја ставиме на никакви меѓи. Неа можеме да ја ставиме само како музејски експонат на градот Скопје. Во таа смисла, бидејќи е прва фаза, треба да размисли самата локална самоуправа.

Кога станува збор за градот Скопје, за тоа ќе имаме посебна расправа. Меѓутоа, она што сакав да го кажам е тоа дека ова што сега се нуди со новиот закон, во голема мера ги надминува слабостите и претставува коректен предлог на законот. Тоа не значи дека одредени забелешки на граѓаните, во јавната расправа, доколку се оправдани, нема да бидат земени предвид. Но, одредени дневно - политички пристапи, кои само го вознемируваат населението, го тераат на референдуми или слични изјаснувања, не знам до каде ќе стигнеме.

Се поставува прашање, колку граѓаните од другите територии, блиски на оние што се изјаснуваат, какво мислење имаат и што би било ако дојдеме до тоа да почнеме да правиме референдуми дури и на етничка основа, што имаше појава сега. Каде ќе се доведеме. Имавме пример низ историјата.

Тоа е она што сакав да го кажам и мислам во наредниот период за градот Скопје ќе разговараме подоцна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџоски, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, како што господинот Дојчиновски скрена внимание, што апсолутно е оправдано, да го почитувам лично јас, дека е постар и да не дофрлам од место, што го прифаќам, така јас би скренал внимание до господинот Дојчиновски да не се обраќа со Љупчо, туку со претседателе, затоа што не доликува на претседател на Собрание да му се обраќа со име.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука завршуваме со денешната седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)